Funded by
the European Union

SEESAC

RegionalCooperationCouncil

# Злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан: клучни трендови и предизвици

Центарот за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Советот за регионална соработка (RCC), финансирана од ЕУ, за зајакнување на домашните и регионалните капацитети за контрола и намалување на ширењето и злоупотребата на малото и лесно оружје, што придонесува за поголема стабилност, безбедност и развој во Југоисточна и Источна Европа.

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка од Европската Унија, во рамките на проектот *Поддршка за зајакнување на борбата против нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан,* финансиран преку Инструментот за претпристапна помош (IPA II).

**За дополнителни информации, контактирајте со:**
Раководителот на SEESAC
Булевар Зоран Ѓинѓиќ 64
11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
*www.seesac.org*

**Одрекување од одговорност**

Ставовите во овој документ не ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Ознаките и материјалите што се искористени во оваа публикација не претставуваат искази на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во однос на: 1) правниот статус на која било јурисдикција, територија или област или на нејзините надлежни органи или вооружени групи; или 2) одредувањето на нејзините линии за административно разграничување.

**Уредник:**
Драган Божаниќ

**Дизајн и техничко уредување:**
КНАП

**Превод:**
BesTel Language Center

**Место и година на издавање:**
Белград 2025

**Испечатил:**
Биграф Плус, Белград

**Тираж:**
50 копии

ISBN-978-86-7728-397-1

© SEESAC 2025 – Сите права се задржани

# Признанија

Изразуваме благодарност до министерствата за внатрешни работи и полициските служби во Западен Балкан за поддршката и придонесот кон спроведувањето на ова истражување, така што обезбедија квантитативни податоци и корисни коментари преку претставниците, кои ни овозможија да го продлабочиме разбирањето за реакцијата на институциите на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство.

Исто така, изразуваме благодарност до женските организации за нивното учество во дискусиите во фокус-групи и за значајниот увид од гледна точка на жртвите на семејно насилство, особено во однос на улогата на огненото оружје при семејно насилство. Ова се дел од женските организации: *Центар за правни граѓански иницијативи (CLCI), Центар „Shelter Edlira Haxhiymeri“, Tirana Legal Aid Society, Different & Equal, Medica Zenica, Фондација за локална демократија, Фондација „Лара“ Бијељина, Фондација „Обединети жени“ – Бања Лука, Центар за заштита на жени и деца, Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Хелсиншки комитет за човекови права, Македонско здружение на млади правници, Safe life Tuzi, СОС телефон за жени и деца жртви на насилство – Никшиќ, Безбедна куќа за жени – Подгорица, Центар за права на жените.*

За успешното спроведување на истражувањето придонесе и експертската поддршка обезбедена од Јасминика Фришчиќ, Косана Бекер, Елона Дини и Маја Бранковиќ Ѓундиќ во различните фази на спроведувањето. Поддршка за спроведувањето на дискусиите во фокус-групи дадоа Иван Мехмедовиќ, Раиса Шеху и Стојан Мишев.

Од голем придонес за спроведувањето на истражувањето беше поддршката од членовите на тимот на SEESAC, односно Виолета Гаши, Татјана Вишацки, Јана Илиќ и Андреја Марченко. Исто така, од голема корист за истражувањето беа коментарите на Јулијана Бузи, Весна Ципруш и Мартин ван дер Меиј во врска со нацрт извештајот.

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| СПИСОК СО АКРОНИМИ | | 11 |
| ИЗВРШНО РЕЗИМЕ | | 12 |
| СТРУКТУРА НА ИЗВЕШТАЈОТ | | 16 |
| ПОГЛАВЈЕ 1 | ВОВЕД | 17 |
| ПОГЛАВЈЕ 2 | МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 20 |
| ПОГЛАВЈЕ 3 | СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО – ОБЕМ НА ПРОБЛЕМОТ | 26 |
| ПОГЛАВЈЕ 4 | ВЛИЈАНИЕТО НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ПРИ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО | 35 |
| 4.1 Предизвици при доловување на зачестеноста на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство | | 36 |
| 4.2 Карактеристики на инцидентите со огнено оружје при семејно насилство | | 40 |
| 4.3 Смртни исходи од инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство | | 46 |
| 4.4 Повреди | | 55 |
| 4.5 Закани | | 55 |
| 4.6 Преглед на административни податоци | | 56 |
| 4.7 Сторители на инциденти со огнено оружје при семејно насилство | | 57 |
| 4.8 Вработени во секторот за безбедност како сторители на инциденти со огнено оружје при семејно насилство | | 60 |
| 4.9 Убиство и самоубиство/фемицид и самоубиство | | 61 |
| ПОГЛАВЈЕ 5 | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ УПОТРЕБЕНО ПРИ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ ПРОЦЕДУРИ | 65 |
| 5.1 Вид на оружје употребено при семејно насилство | | 66 |
| 5.2 Одобрување, обновување и одземање дозволи за огнено оружје, при што се зема предвид историјата со семејно насилство | | 69 |

ПОГЛАВЈЕ 6 ПОВЕЌЕ ОД БРОЈКИ: КВАЛИТАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО *72*

6.1 Улогата на огненото оружје при семејно насилство *73*

6.1.1 Изнуда, контрола и пречки за пријавувањето *73*

6.1.2 Културно значење и нормализација на поседувањето огнено оружје *74*

6.1.3 Огненото оружје како фактор на ризик *75*

6.1.4 Специфични предизвици за ранливите групи *75*

6.1.5 Вработените во секторот за безбедност како сторители *76*

6.2 Реакција на институциите на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство *76*

6.2.1 Постапки на полицијата и процена на ризик *76*

6.2.2 Предизвици во управувањето со информации *78*

6.2.3 Капацитети и меѓусекторска соработка *79*

6.2.4 Реакција на правосудниот систем *79*

6.3 Регулирање на легалното поседување огнено оружје од цивилни лица: одобрување и одземање дозволи *80*

6.3.1 Законодавна рамка и безбедносни проверки *80*

6.3.2 Медицинска евалуација на подобноста *82*

6.3.3 Следење на чувањето огнено оружје, обновувањето дозволи и оправданоста за поседување огнено оружје *83*

6.3.4 Безбедност на службениците кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје *83*

ПОГЛАВЈЕ 7 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ *84*

7.1 Заклучоци *85*

7.2 Препораки *89*

# Список со слики


| | |
|---|---|
| **Слика 1** | Распространетост на различни видови на насилство врз жени од нивна 15-годишна возраст, во % |
| **Слика 2** | Распространетост на различни видови на психичко насилство од интимен партнер, во % |
| **Слика 3** | Јавување во полиција од жртви по најсериозниот инцидент со насилство од актуелен или претходен партнер или од друго лице |
| **Слика 4:** | Како дознала полицијата за најсериозниот инцидент (за сите сторители)? |
| **Слика 5:** | Дали познавате некое лице (од вашето семејство, маало или заедница) кое претрпело семејно насилство? |
| **Слика 6:** | Дали се согласувате со следнава изјава: Семејното насилство претставува сериозна закана по безбедноста? |
| **Слика 7:** | Број на инциденти со семејно насилство што се пријавени во полиција, 2019 – 2021 г. |
| **Слика 8:** | Број на инциденти со семејно насилство што се пријавени во полиција, 2019 – 2021 г. |
| **Слика 9:** | Број на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г. |
| **Слика 10:** | Број на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан (освен заплена на оружје), според вид на инцидент и година, 2019 – 2023 г. |
| **Слика 11:** | Жртви на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол, 2019 – 2023 г. |
| **Слика 12:** | Жени жртви на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г. |
| **Слика 13:** | Мажи жртви на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г. |
| **Слика 14:** | Удел на инциденти поврзани со огнено оружје и семејно насилство во вкупниот број на инциденти во Западен Балкан, според пол на жртвите и година |
| **Слика 15:** | Инциденти поврзани со огнено оружје, според сторител (интимни партнери и други членови на семејството) во Западен Балкан, 2019 – 2023 г. |
| **Слика 16:** | Број на инциденти поврзани со огнено оружје што се извршени од интимни партнери или други членови на семејството во Западен Балкан, според година |

**Слика 17:** Жртви на инциденти со огнено оружје што се извршени од интимен партнер во Западен Балкан, според пол и година

**Слика 18:** Жртви на инциденти со огнено оружје што се извршени од други членови на семејството во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

**Слика 19:** Микролокација на инциденти поврзани со огнено оружје и семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

**Слика 20:** Број на смртни случаи поврзани со огнено оружје, според вид на инцидент во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

**Слика 21:** Број на смртни случаи поврзани со огнено оружје, според вид на инцидент и јурисдикција, 2019 – 2023 г.

**Слика 22:** Број на смртни случаи поврзани со огнено оружје, според вид на инцидент и година

**Слика 23:** Број на жени и мажи што биле убиени со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според година

**Слика 24:** Смртни случаи на жени што се поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.

**Слика 25:** Смртни случаи на мажи што се поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.

**Слика 26:** Влијание на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз жените и мажите во Западен Балкан, 2019-2023 г.

**Слика 27:** Убиства поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според сторител, 2019 – 2023 г.

**Слика 28:** Број на жени кои биле убиени со огнено оружје од актуелен или поранешен интимен партнер во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

**Слика 29:** Албанија, 2019 – 2023 г.

**Слика 30:** Босна и Херцеговина, 2019 – 2023 г.

**Слика 31:** Косово,[1] 2019 – 2023 г.

**Слика 32:** Црна Гора, 2019 – 2023 г.

**Слика 33:** Северна Македонија, 2019 – 2023 г.

1 Програмата за развој на Обединетите нации ги поима упатувањата на Косово во контекст на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност (1999 година). За Европската Унија, ова упатување не ги доведува во прашање ставовите на другите јурисдикции и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите нации и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата во однос на прогласувањето независност на Косово.

**Слика 34:** Србија, 2019 – 2023 г.

**Слика 35:** Број на повреди од огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според година и пол на жртвите

**Слика 36:** Сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол, 2019 – 2023 г.

**Слика 37:** Сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол и година

**Слика 38:** Сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол, 2019 – 2023 г.

**Слика 39:** Мажи сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според возраст, 2019 – 2023 г.

**Слика 40:** Број на случаи на фемицид и самоубиство при насилство со огнено оружје од интимен партнер, 2019 – 2023 г.

**Слика 41:** Број на случаи на убиство и самоубиство на други членови на семејството при инциденти со огнено оружје, 2019 – 2023 г.

**Слика 42:** Како би се чувствувале ако во вашиот дом има огнено оружје...?, според пол, 2024 г.

**Слика 43:** Вид на огнено оружје што било искористено при инциденти со семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

**Слика 44:** Правен статус на оружјето што било искористено при семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

**Слика 45:** Инциденти со огнено оружје во кои сторителите искористиле ловечко оружје при семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.

## Список со табели

**Табела 1:** Распространетост на физичко и/или сексуално насилство од 15-годишна возраст, според вид на сторител

**Табела 2:** Број на пријавени инциденти со семејно насилство, при што е евидентирано дека сторителот поседува легално или нелегално огнено оружје

**Табела 3:** Жртви на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство, според пол, година и јурисдикција

**Табела 4:** Број на смртни случаи во Западен Балкан, според вид на инцидент, пол и година

**Табела 5:** Перцепции за чувањето огнено оружје во домот, во % и според јурисдикција, 2025 г.

**Табела 6:** Вид на огнено оружје што било запленето и конфискувано при случаи со семејно насилство во % и број на парчиња оружје во Албанија, 2019 – 2021 г.

**Табела 7:** Вид на огнено оружје што било запленето и конфискувано при случаи со семејно насилство во % и број на парчиња оружје во БиХ, 2019 – 2021 г.

## Список со полиња

**Поле 1:** Употреба на наоди од истражување како основа за реакцијата на институциите и зајакнување на превенцијата на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство

**Поле 2:** Разбирање на случаите со убиство-самоубиство/фемицид-самоубиство

**Поле 3:** Перцепции за огнено оружје што се чува во домот

## Список со акроними

| | |
|---|---|
| **AVMP** | Платформа за мониторинг на вооружено насилство |
| **БиХ** | Босна и Херцеговина |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **RCC** | Совет за регионална соработка |
| **МЛО** | Мало и лесно оружје |
| **ЈИЕ** | Југоисточна Европа |
| **SEESAC** | Центар за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **ЗБ** | Западен Балкан |

# Извршно резиме

Во Западен Балкан, направени се долгорочни напори за документирање на влијанието на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство и зајакнување на мерките за превенција. Преку исцрпно истражување и соработка со институциите од регионот, SEESAC спроведе революционерни анализи на улогата на огненото оружје при семејно насилство, обезбеди поддршка во процесот на креирање политики и подобрувања на законодавството и разви практични алатки и прирачници за зајакнување на активностите за превенција и одговор.

Но, злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство сѐ уште има негативно влијание врз безбедноста на жените и мажите во Западен Балкан и претставува специфичен предизвик за напорите за контрола на малото и лесно оружје (МЛО). Во овој извештај е дадена сеопфатна анализа на влијанието на огненото оружје при семејно насилство, како и различното влијание на огненото оружје врз жените и мажите. При тоа, целта е да се подигне свеста за улогата на огненото оружје при семејно насилство и за конкретните ризици од огненото оружје во тој поглед.

Главната цел е да се обезбеди поддршка за креаторите на политики и органите за спроведување на законот во напорите за справување со идентификуваните ризици и подобрување на безбедноста и благосостојбата на жените и мажите во Западен Балкан. Анализата ќе им послужи и на меѓународните и регионалните организации, граѓанските организации, истражувачите и другите чинители од регионот.

При анализата е применет сеопфатен пристап со повеќе методи, вклучувајќи и квантитативна анализа на податоците прибрани од Платформата за мониторинг на вооружено насилство (AVMP) и од министерствата за внатрешни работи на јурисдикциите во Западен Балкан. Како дополнување на анализата се прибрани квалитативни податоци преку 15 дискусии во фокус-групи што се спроведоа низ регионот со полициски службеници кои работат на случаи на семејно насилство, службеници кои се одговорни за одобрување дозволи за огнено оружје и претставници од женски организации. Овие дискусии се засноваа на личното искуство со работа со жртви на семејно насилство на учесниците и овозможија детално да го разбереме влијанието на огненото оружје врз жртвите. Дискусиите овозможија да се приберат корисни информации за аспекти што не може да се доловат со квантитативните податоци и што честопати е тешко да се соберат поради недостигот на податоци и непријавувањето случаи на семејно насилство. Исто така, се дискутираше за справувањето на институциите со предизвиците и добрите практики.

Со помош на комбинирани докази, во анализата се истакнува штетното и опсежното влијание на злоупотребата на огнено оружје врз жените и мажите во регионот, при што се опфаќаат и смртоносните и несмртоносните физички повреди, како и

психичката траума. Сеопфатниот наод е дека идентификуваните трендови што се поврзани со злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство се алартмантно конзистентни, при што се документираат сложените ризици од огненото оружје во тој поглед.

Наодите што се презентирани во овој извештај го истакнуваат повеќестраното влијание на огненото оружје врз безбедноста и благосостојбата на жртвите на семејно насилство и се документираат разните начини на коишто огненото оружје ги влошува постојните фактори на ризик и значително ја зголемува веројатноста од смртен исход. Огненото оружје се користи како средство за изнуда и контрола во насилни врски, поради што се продлабочува родовата нееднаквост и нееднаквоста на моќта. Присуството на огнено оружје ја намалува веќе ограничената веројатност за пријавување на насилството од страна на жртвите. Ова е посебно видливо во случаи кога сторителот поседува огнено оружје, а жртвите одлучуваат да не го пријават поради страв од одмазда и загриженост за можните правни последици за сторителот. Огненото оружје исто така ја намалува можноста на жртвите да дадат отпор и да се одбранат. Ова, заедно со сериозноста на повредите од огнено оружје дополнително ја зголемуваат веројатноста од смртен исход. Во извештајот исто така се презентирани докази за важноста што му се придава на огненото оружје во културата, како дел од машкиот идентитет, што може да претставува голема пречка за пријавувањето семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје.

Овие наоди се поткрепени со емпириски докази, како што може да се види од значителната разлика помеѓу бројот на евидентирани инциденти со семејно насилство што се поврзани со огнено оружје и несразмерно високиот број на смртни случаи. Во периодот од 2019 – 2023 година, инцидентите поврзани со огнено оружје при семејно насилство сочинувале само 3,1 % од сите пријавени инциденти со огнено оружје, додека во истиот период, семејното насилство претставува главна причина за смртни случаи поврзани со огнено оружје во регионот. Повеќе лица биле убиени при инциденти со семејно насилство и огнено оружје (вкупно 152, од кои 93 жени и 59 мажи) отколку во кој било друг контекст, вклучувајќи и криминални активности (144) и спорови во јавност (135). Во 2020 година, што беше одбележана со појавата на пандемијата Ковид-19, е евидентиран највисок број на смртни случаи, што ја истакнува потребата од натамошно истражување за начинот на којшто конкретните услови како забраната за движење придонесуваат за зголемените ризици.

Анализата посочува дека злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство влијае и врз жените и врз мажите. Но, постои голема разлика во степенот на изложеност и начините на виктимизација, при што жените се несразмерно погодени. Од сите жени кои биле убиени со огнено оружје во регионот, 68,4 % се убиени при семејно насилство, во споредба со 10,9 % од мажите. Слични трендови се евидентирани и во поединечните јурисдикции во Западен Балкан. Во поглед на семејното насилство, жените се во најголем ризик од употреба на огнено оружје од страна на интимниот партнер. 50,7 % од жените кои биле убиени со огнено оружје во Западен Балкан се убиени од нивниот интимен партнер (во споредба со 0,6 % од мажите кои биле убиени со огнено оружје), што посочува дека вооруженото насилство несразмерно влијае врз жените. За разлика од тоа, насилството врз мажите обично не е родово-базирано и најголем ризик за мажите претставуваат други машки членови на семејството. Ова произлегува од семејни спорови, проблеми со имотот, меѓугенерациско насилство итн. Во поглед на насилството од интимен партнер, кај жените постои три пати поголема веројатност да бидат убиени со огнено оружје од нивниот актуелен партнер отколку од поранешниот партнер. Сепак, големиот број на жени кои биле убиени од нивниот поранешен партнер посочува дека насилството не запира таму и честопати се влошува по раскинувањето на врската, а насилникот употребува огнено оружје како средство за одново да воспостави контрола врз жртвата.

Иако достапните податоци за злоупотреба на огнено оружје главно се однесуваат на убиства, фемициди, повреди и физички напади, огненото оружје се користи како средство за поттикнување други видови на родово-базирано насилство, вклучувајќи психичко и сексуално насилство (како силување), емоционално насилство, изнуда и економско насилство. И покрај тоа што овие видови на насилство честопати се јавуваат пред смртоносните инциденти, овие видови недоволно се пријавуваат. Жените од ранливи категории, како што се жените кои живеат во рурални области, жените со попреченост и Ромките, се соочуваат со дополнителни пречки за пријавување насилство и има недостиг на информации за нивната изложеност на злоупотреба на огнено оружје.

Вооруженото насилство при семејно насилство најчесто го извршуваат мажи. Конзистентен тренд е тоа што мажите сочинуваат над 98 % од сторителите на семејно насилство со присуство на огнено оружје.

Во анализата исто така се дадени информации за карактеристиките на оружјето што се користело при семејно насилство. Пиштолите се најчесто употребуван вид на огнено оружје при семејно насилство, а потоа следат ловечки пушки и сачмарки, разно МЛО, автоматски/воени оружја, експлозиви и пневматски пиштоли. Кога беа достапни податоците за видовите на огнено оружје што ги поседуваат поединци, тие конзистентно покажуваа дека почесто се пријавува нелегално поседувано огнено оружје отколку легално поседувано огнено оружје, што ги истакнува предизвиците за справување со нелегалното оружје. Сепак, со оглед на високата стапка на непријавени случаи на семејно насилство, во анализата е дадена препорака таквите податоци да се толкуваат со претпазливост, поради тоа што постои можност злоупотребата на легално поседувано огнено оружје да не е пријавена, особено кога оружјето не се користи за физички напад или не резултира со животозагрозувачки исходи.

Во однос на реакцијата на институциите, во анализата се истакнати напредокот во зајакнувањето на законските и политичките рамки за борба против и спречување семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство. Овој напредок се одразува и во практиките на органите за спроведување на законот во регионот, кои посветуваат сè поголемо внимание на идентификувањето и справувањето со факторите на ризик што се поврзани со семејно насилство, поседување и употреба на огнено оружје.

И покрај напредокот, некои предизвици опстојуваат. Процените на ризик не се спроведуваат систематски и во некои случаи се применуваат несоодветно. Исто така, полициските службеници честопати немаат информации за тоа дали запленетото оружје се одзема трајно или се враќа на сторителите, што може да ја загрози нивната безбедност и безбедноста на жртвата. Ограничениот пристап до регистрите за оружје и недостатоците во базите за податоци за сопственици на огнено оружје исто така може да го попречат спроведувањето ефективна процена на ризик и управувањето со предметот.

Сè уште постојат предизвици за меѓусекторската соработка, но во регионот се идентификувани и позитивни практики. Тие опфаќаат проактивно учество на полициските службеници, зајакната соработка со граѓанските организации и промовирањето на учење од колеги и размена на искуства.

Слично на тоа, во регионот се спроведуваат значајни законски реформи и опширна регулација на цивилните лица кои поседуваат огнено оружје. Во регионот, постапките за разгледување на барањата за дозвола за огнено оружје обично се строги и соодветни регулирани. Но, ограничената достапност на податоците спречува да се дознае до која мера се зема предвид семејното насилство во овие постапки. Според постојните докази, такви фактори ретко се земаат како основа за одбивање барање за издавање дозвола. За сите јурисдикции во регионот се истакна важноста на спроведувањето темелна безбедносна

проверка на подносителите, што подразбира теренски проверки и интервјуа, покрај проверката во административната база на податоци. Во Западен Балкан, постојат разни предизвици за процесот за издавање лекарски потврди за одобрување дозвола за огнено оружје, како и за соработката со здравствените институции. Затоа е потребно итна интервенција.

На крајот од извештајот се дадени стратешки препораки за намалување и спречување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство. Препораките се поделени во шест групи: (1) Подигање на свеста и намалување на ширењето и циркулирањето на нелегално поседуваното огнено оружје, (2) Подобрено спроведување процена на ризик и зајакнување на теренските интервенции, (3) Подобрување на постапките што се поврзани со одобрување дозволи за огнено оружје, (4) Подобрено водење евиденција и подобрени системи за следење, (5) Примена на меѓусекторски пристап во чиј центар е жртвата, (6) Регионална соработка и споделување најдобри практики. Покрај сите препораки, во извештајот се истакнува и потребата за конзистентно градење на капацитетите со цел да се овозможи одржливо и ефективно спроведување на препораките.

# Структура на извештајот

Извештајот се состои од седум поглавја.

Во **Поглавје 1** се дадени краток вовед во конкретната ситуација во Западен Балкан во која е спроведена анализата и краток преглед на претходните истражувања во оваа област.

Во **Поглавје 2** се опишани главниот методолошки пристап на анализата и опсегот и целта на овој пристап.

Целта на **Поглавје 3** е да се обезбедат клучни информации за семејното насилство и насилството врз жените во регионот за да се разбере како огненото оружје ги влошува ризиците во тие ситуации. Анализата што е презентирана во овој извештај се надополнува на истражувањата што претходно биле спроведени во регионот, меѓу кои се истакнува Истражувањето спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените.

Во **Поглавје 4** е дадена детална анализа на податоците што ги доставија институциите и од Платформата за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC, со акцент на улогата на огненото оружје при семејно насилство и влијанието на злоупотребата на огнено оружје врз жените и мажите.

Во **Поглавје 5** се става акцент на карактеристиките на оружјето што било искористено при семејно насилство во регионот и реакцијата на институциите на злоупотребата на огнено оружје, како и официјалните податоци за запленето и конфискувано огнено оружје и одземени дозволи за огнено оружје.

Во **Поглавје 6** се презентирани наодите од дискусиите во фокус-групи составени од полициски службеници што работат на случаи со семејно насилство, службеници што работат на одобрување дозволи за огнено оружје за цивилни лица и претставници на женски организации. Целта на ова поглавје е да се обезбедат и документираат квалитативни податоци за влијанието на огненото оружје врз жените и мажите, што ќе придонесе за надминување на предизвиците поврзани со непријавувањето. Исто така, се дискутираат предизвиците што се поврзани со спречувањето на злоупотребата на огнено оружје и добрите практики во регионот.

За крај, во **Поглавје 7** се резимираат клучните наоди од анализата и се даваат препораки засновани на докази во однос на тоа како дополнително да се зајакнат мерките за спречување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство. Исто така, Поглавје 7 ги содржи препораките од учесниците во фокус-групите.

Поглавје 1

# Вовед

[redacted]

Во Западен Балкан, преку истражување детално се документира влијанието на малото оружје врз мажите и жените, при што се истакнува дека огненото оружје го влошува семејното насилство и претставува голем ризик за безбедноста на жените, но и на мажите. Овие наоди се од клучно значење за изготвувањето политики за справување со овој проблем и практични стратегии за спречување злоупотреба на огнено оружје и за зголемување на безбедноста и сигурноста на лицата кои се најпогодени, и жените и мажите.

Во 2007 година, SEESAC донесе революционерна одлука да ја истражи поврзаноста помеѓу поседувањето огнено оружје и семејното насилство преку компаративна студија[2] на релевантното законодавство и релевантните механизми за спроведување. Во 2016 година се спроведе регионална студија[3] за родот и МЛО, во која дополнително се истражува улогата на огненото оружје при семејно насилство. Во студијата, огненото оружје се идентификува како главен предизвик за напорите за контрола на МЛО. Во студијата се даваат и детални препораки засновани на докази, врз основа на коишто се изготвија политики и програми за справување со овој проблем.

Анализата од 2019 година се засноваше на податоците од анкетите за МЛО[4] што претходно биле спроведени во регионот. Во оваа анализа[5] на злоупотребата на огнено оружје се истакнати опсегот и сложеноста на проблемот. Анализата покажува дека во Југоисточна Европа (ЈИЕ), 61 % од жените биле убиени од член на семејството, во споредба со 12,4 % од мажите. Насилството од интимен партнер несразмерно влијае врз жените, при што 38,6 % од жените и само 1,2 % од мажите биле убиени од интимниот партнер. Во периодот што го истражува анализата, огнено оружје честопати било искористено при семејно насилство: 37,7 % од убиствата од член на семејството биле извршени со присуство на огнено оружје, а 43,5 % од жените во ЈИЕ биле убиени со огнено оружје од нивниот интимен партнер.

Од 2020 година, SEESAC објавува тематски извештаи под наслов „In Focus - Armed Violence Monitor“[6] што се засновани на податоците од AVMP и во коишто се истражуваат инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во ЈИЕ. Во извештаите се дава преглед на инцидентите извршени од интимни партнери и членови на потесното семејство, што е клучно за документирање на несразмерното влијание на злоупотребата на огнено оружје врз жените, особено при насилство од интимен партнер.

Како дел од спроведувањето на Патоказот за контрола на МЛО за Западен Балкан, канцелариите на УНДП во регионот спроведоа и голем број истражувања на оваа тема. Канцеларијата на УНДП во Србија спроведе неколку студии во кои се истакнува штетното влијание на злоупотребата на огнено оружје врз жените и улогата на огненото оружје во фемицидите,[7] вклучувајќи и анализа на административните податоци[8] и регулаторната рамка и регулаторните практики,[9] како и истражување на реакцијата на органите за кривична правда на фемициди извршени со огнено оружје. Канцеларијата на УНДП во Северна Македонија ги анализираше фемицидите, ставајќи акцент на улогата на огненото оружје.

2 SEESAC. 2007. *Firearms Possession and Domestic Violence in the Western Balkans: A Comparative Study of Legislation and Implementation Mechanisms.* Belgrade: SEESAC.

3 SEESAC. 2016. *Gender and SALW in South East Europe.* Belgrade: SEESAC.

4 Анкетите на SEESAC за МЛО се достапни на: *https://www.seesac.org/SALW-Surveys/*

5 SEESAC. 2019. *The Misuse of Firearms in Domestic Violence in South East Europe.* Belgade: SEESAC.

6 In Focus - Armed Violence Monitors are available on SEESAC Knowledge Base: *https://www.seesac.org/Armed-Violence/*

7 Lacmanović. Vedrana. 2021. *Analysis of cases of femicide committed with firearms (June 2017 - June 2020).* Belgrade: UNDP.

8 Stepanov, Biljana. 2022. *Nasilje u porodici – šta govore podaci.* Belgrade: UNDP Serbia.

9 Stevanović Govedarica, Gordana. 2021. *Small arms and light weapons, gender-based violence and domestic violence: analysis of regulatory framework and practice.* Belgrade: UNDP Serbia.

Женските организации во регионот долго време го документираат влијанието на огненото оружје врз безбедноста и благосостојбата на жените. Долги години овие организации беа главниот, па дури и единствениот извор на информации за фемициди, вклучувајќи и фемициди извршени со огнено оружје.

Во 2021 и 2022 година, SEESAC спроведе опсежна родова анализа[10] на законодавството и политиките за контрола на мало оружје во Западен Балкан со цел да се процени и зајакне родово одговорниот аспект на овие документи. Во анализата е евидентиран голем напредок во напорите за справување со семејното насилство преку законодавството за огнено оружје. Наведено е дека во законите за заштита од семејно насилство сè повеќе се препознаваат ризиците од злоупотребата на огнено оружје. Исто така, стратегиите за контрола на МЛО во регионот содржеа конкретни мерки за подобрување на реакцијата на институциите на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство и насилство од интимен партнер и предвидуваа преглед на практиките во институциите и активностите за зајакнување на капацитетите со цел справување со проблемот.

Но, при анализата беа идентификувани недостатоци во теренските интервенции што мора да се подобрат. Тука е опфатена и потребата за зајакнување на процесите за одобрување дозволи за огнено оружје така што ќе се интегрираат темелни безбедносни проверки и ќе се спроведуваат подобри процени на ризик од семејно насилство што целосно ги земаат предвид опасностите од огненото оружје, особено кога е нелегално поседувано. Исто така, практиките за водење евиденција за огнено оружје честопати не опфаќаат родово расчленети податоци и детални информации за злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство, со што се попречува изнаоѓањето родово одговорни решенија. Во анализата се истакна и потребата за натамошно истражување со цел да се разбере спроведувањето на релевантните закони, да се идентификуваат актуелните предизвици и да се зајакнат мерките за спречување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство и насилство од интимен партнер.

SEESAC обезбедува сеопфатна поддршка за надлежните органи при надминување на идентификуваните предизвици, исполнување на стратешките заложби и зајакнување на напорите за спречување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во рамките на проектот *Зајакнување на борбата против нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со малото и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан.* Во поддршката се става акцент на унапредување на теренските интервенции против злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство.

Како дел од овие напори, SEESAC отпочна регионална анализа за злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство. Целта на наодите од анализата е да се документираат трендовите и главните предизвици што се поврзани со улогата на огненото оружје при семејно насилство, да се идентификуваат главните предизвици во рамките на практиките на институциите за спречување злоупотреба на огнено оружје и да се обезбедат препораки засновани на докази за нивно подобрување. Уште во раните фази, анализата беше од клучна важност за изготвувањето практичен прирачник за зајакнување на мерките за спречување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство преку осмислување конкретни насоки за тимовите за прв одговор и професионалците кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје за цивилни лица. Анализата се спроведе преку партиципативен процес што е насочен кон акција, кој имаше значаен придонес за подигнување на свеста на клучните чинители и за зајакнување на теренските интервенции.

10 Gender analysis of SALW control legislation and policies in the Western Balkans – извештаите се достапни на: *https://www.seesac.org/News-Gender-in-Security-Sector/gender-analysis-of-salw-control-legislation-and-policies-in-the-western-balkans-reports/*

Поглавје 2

# Методологија на истражувањето

[redacted]

### Цел

Целта на анализата е да придонесе за зајакнување на мерките за спречување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство и за поголема безбедност на жените и мажите, девојчињата и момчињата во Западен Балкан.

Анализата е насочена конкретно кон:

- документирање и подигнување на свеста за улогата на огненото оружје при семејно насилство и за конкретните ризици од присуството на огнено оружје во такви ситуации,
- документирање на несразмерното влијание на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз жените, како и различните начини на изложеност на жените и мажите,
- документирање на клучните трендови во оваа област,
- идентификување на главните предизвици за спречување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство, како и за реакцијата на институциите,
- давање низа препораки засновани на докази за да се зајакне реакцијата на институциите на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство. Истражувањето треба да даде одговор на следниве прашања:
- Колкав е обемот на проблемот? Колку често настанува и какви се карактеристиките на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство, особено во поширокиот контекст на вооружено насилство во регионот?
- Кои се родовите аспекти на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство? Како влијае врз жените и мажите?
- До која мера се ефективни актуелните практики за спречување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство? Кои се главните трендови и предизвици за реакцијата на институциите?
- Како може дополнително да се зајакнат мерките за спречување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство?

### Географски опфат

Анализата е спроведена за Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Северна Македонија.

Поради тоа што Канцеларијата на УНДП во Србија спроведе слично истражување во рамките на проектот *Намали го ризикот – Зголеми ја безбедноста – За искоренување на злоупотребата на оружје и семејното насилство*, како и анализа на административните податоци за периодот 2017 – 2020 година, претставници на Србија не учествуваа во прибирањето податоци и дискусиите во фокус-групи. Но, Србија е опфатена во регионалната анализа преку податоците од AVMP.

### Методологија и извори на податоци

Методологијата на оваа анализа се надоврзува на претходни искуства и голем број истражувања за семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан.

Методологијата се осмисли со примена на повеќестран пристап, кој вклучува:

- **Интервјуа со експерти што беа спроведени со експерти за истражување** од Западен Балкан кои имаат искуство со анализирање на поврзаноста помеѓу семејното насилство и огненото оружје. Целта на интервјуата беше да се идентификуваат главните прашања за анализата, да се споделат искуствата со прибирање податоци и да се продискутираат главните предизвици во оваа област.
- **Обемна анализа на литература** со цел да се даде преглед и да се овозможи разбирање на тековниот статус на истражувањето за улогата на огненото оружје при семејно насилство. Овој процес беше од клучно значење за добивање поконцизни прашања за истражувањето, за контекстуализација на проблемот и за осмислување робусна методологија на истражувањето.
- **Регионални консултации за нацрт верзијата на методологијата** се спроведоа во 2023 година со регионалната Работна група за спречување употреба на огнено оружје

при семејно насилство преку процена на ризик и со регионалната Работна група за развој на алатка за родово одговорен процес на одобрување дозволи за огнено оружје. Овие групи ги сочинуваат претставници на министерствата за внатрешни работи и полициските служби, кои работат на случаи со семејно насилство, одобрување дозволи за огнено оружје и спроведување безбедносни проверки. Исто така, во нив учествуваа и претставници на одделите за аналитика/статистика или слични единици што се одговорни за водење евиденција/прибирање податоци и анализа што се релевантни за спречување семејно насилство. Врз основа на нивните коментари, нацрт методологијата беше ревидирана и беше изготвена конечната верзија.

## Извори на податоци

Поради тоа што злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство е повеќеаспектна појава со конкретни карактеристики и динамики, при анализата се употребени голем број на извори на податоци, меѓу кои се опфатени:

1. **Податоци прибрани преку Платформата за мониторинг на вооружено насилство**

Преку Платформата за мониторинг на вооружено насилство (AVMP) систематски се следат инциденти поврзани со огнено оружје во Југоисточна Европа. Платформата прибира детални податоци од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија од 2014 година. Податоците на AVMP се прибираат секој ден од разни официјални извори, вклучувајќи веб-локации на органи за спроведување на законот и министерства за внатрешни работи, како и дигитални и печатени медиуми. Податоците за инциденти со огнено оружје се класифицираат според стандардизирани дефиниции, што овозможува конзистентност и споредливост на јурисдикциите и периодите на известување. Секој инцидент се разгледува и анализира со помош на методологија што е изготвена од SEESAC. Преку AVMP се прибраа податоци за видот на инциденти, искористеното огнено оружје, полот на жртвата и сторителот, нивниот однос, локацијата каде што е извршен инцидентот, меѓу другото. Во анализата се интегрирани клучните наоди од тематските извештаи „In Focus Armed Violence Monitor on Firearm Incidents in the Context of Domestic Violence" во ЈИЕ, којшто опфаќаат случаи почнувајќи од 2019 година.

2. **Податоци прибрани преку прашалник за министерствата за внатрешни работи**

Прашалникот се изготви со цел да се приберат административни податоци од релевантните институции за периодот 2019 – 2021 година. Тука беа опфатени информации за пријавени инциденти со семејно насилство, поднесени обвиненија за сторени кривични дела и прекршоци, случаи во кои сторителот поседувал или злоупотребил огнено оружје или случаи со употреба на огнено оружје при семејно насилство. Исто така, побаравме податоци за полот, возраста и врската меѓу жртвата и сторителот, како и за интимните партнери и другите членови на семејството. Се прибираа и информации за видот и статусот на запленетото оружје (легално/нелегално). Преку прашалникот исто така се прибираа податоци за бројот на одобрени, обновени и одземени дозволи за огнено оружје, со посебен акцент на случаи со семејно насилство.

3. **Дискусии во фокус-групи**

Од 21 март до 27 април 2023 година, SEESAC организираше 15 дискусии во фокус-групи во кои учествуваа 68 полициски службеници кои работат на случаи на семејно насилство и кои се одговорни за

одобрување дозволи за огнено оружје, како и 17 претставници на женски организации. Целта на фокус-групите беше да се идентификуваат главните предизвици за спречувањето злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство, да се документираат разните начини на кои огнено оружје влијае врз безбедноста и благосостојбата на жените и да се разменат идеи за зајакнување на реакцијата на институциите и за справување со ризиците од употребата на огнено оружје при семејно насилство. За да се олесни овој процес, се изготвија сеопфатни водичи за дискусија. Од фокус-групите произлегоа 15 детални извештаи.

Дискусии во фокус-групи беа одржани во Сараево, Тирана, Подгорица, Приштина и Скопје.

4. **Секундарни извори на податоци**

Покрај горенаведените извори на податоци, се прибраа дополнителни податоци од Истражувањето спроведено од ОБСЕ за безбедноста и благосостојбата на жените и Секјуриметарот, анкета за јавното мислење за безбедноста што редовно ја спроведува Советот за регионална соработка, како и од анкетата на SEESAC за јавното мислење.

5. **Временска рамка**

Податоците од AVMP се однесуваа на периодот од 2019 до 2023 година, а податоците од министерствата за внатрешни работи во регионот го опфаќаа периодот од 2019 до 2021 година.

6. **Предизвици**

Предизвиците за спроведување на оваа анализа беа поврзани пред сè со ограничената достапност на податоци, а особено со недостигот на споредливи регионални податоци што ги прибираат релевантните институции. Пречка за анализата претставуваа разликите во прибирањето, евидентирањето и известувањето за податоците во јурисдикциите. Различните и честопати, нестандардизирани практики за водење евиденција отежнаа да се добие јасна претстава за злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство во регионот. На пример, најмногу податоци беа достапни за кривичното дело убиство. Како резултат на големиот број случаи со убиство и самоубиство, поради смртниот исход кај сторителите, не била поднесена кривична пријава. Оттаму, тие цифри честопати не го одразуваат вистинскиот број на лица, поточно жени, кои биле убиени при семејно насилство. Како што е евидентирано во овој извештај, тоа е особено релевантно за инциденти поврзани со злоупотреба на огнено оружје. За разлика од административните податоци, AVMP евидентира смртни случаи, чиј број е значително поголем од бројот поврзан со кривичното дело убиство. Во некои случаи, кривичните дела што се поврзани со семејно насилство, односно оние дела што ги извршуваат роднини, се класифицирани како други кривични дела наместо како семејно насилство. Поради ова, не може длабински да се разбере појавата и потребно е да се вложат дополнителни напори за да се добијат точни податоци. Исто така, ограничените податоци за практиките за одобрување дозволи за огнено оружје попречуваат соодветно да се процени како се постапува при сомнежи за семејно насилство со огнено оружје во рамките на овие процеси.

За да се надминат овие проблеми, во анализата се користат разни извори на податоци, како што е објаснето погоре. Поточно, за да се надминат недостатоците во достапноста на податоците и да се овозможи преглед и споредливост во регионот, податоците од AVMP се користеа во поголема мера отколку што првично беше предвидено.

Предизвиците со достапноста на податоци ја истакнуваат потребата за подобрени практики за прибирање и споделување податоци. Справувањето со овие проблеми е клучно за да се овозможи продлабочено разбирање на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство и за осмислување ефективни стратегии за превенција. Клучни чекори кон справувањето со овие недостатоци и гарантирање на безбедноста и благосостојбата на засегнатите

лица се зајакнување на капацитетите на институциите, соработка меѓу органите и примена на стандардизирани механизми за известување. При спроведувањето на анализата се потврди дека учеството на контакт точките за огнено оружје при прибирањето податоци може да придонесе за подобрување на практиките.

**Поле 1**

## Употреба на наоди од истражување како основа за реакцијата на институциите и зајакнување на мерките за спречување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство

Како надоврзување на претходни наоди, SEESAC во соработка со надлежните органи од регионот отпочна подготовка на два практични прирачници за полициски службеници и други релевантни професионалци:

- **Прирачник за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотреба на огнено оружје во семејно насилство.**[11] Прирачникот содржи практични листи чија цел е да им помогнат на полициските службеници правилно да ги проценат ризиците од злоупотреба на легално и нелегално поседувано оружје при семејно насилство и итно да реагираат доколку е потребно. Врз основа на овој пристап, Прирачникот овозможува преглед на активностите поврзани со огнено оружје што треба да се преземат во секоја фаза од полициското постапување, вклучувајќи и индикатори за високоризични интервенции, прием на пријава, процена на ризиците, интервенција и последици од инцидентот.
- **Прирачник за родово одговорен процес на одобрување дозволи за огнено оружје.**[12] Преку практични листи, Прирачникот служи како поддршка за професионалците при интегрирањето на родовата перспектива во рамките на процесот за одобрување дозволи за огнено оружје. Целта е да се овозможи ефективна превенција на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство и насилство врз жени и превенција на злоупотребата на огнено оружје од групите во најголем ризик од вакво однесување, особено мажите на возраст од 18 – 30 години. Дадени се детални насоки за разгледување барања земајќи ја предвид родовата перспектива, спроведување безбедносни проверки, донесување информирани и родово одговорни одлуки и овозможување постојано следење на усогласеноста со законските барања за оружје.

Двата прирачници се изготвени преку регионален процес. На почетокот се формираа две регионални работни групи за прирачниците. Едната ја сочинуваа полициски службеници со големо искуство со случаи на семејно насилство,[13] а другата се состоеше од службеници кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје и службеници кои спроведуваат безбедносни проверки.[14] Дискусиите во фокус-групи што се спроведоа во рамките на оваа анализа и анализата на податоците од AVMP и податоците доставени од институциите обезбедија одлична основа за изготвување прирачници, така што овозможија предложените решенија да се засновани на докази и да даваат одговор на актуелните предизвици. Прирачникот исто така се надоврза

11 SEESAC. 2024. *Guidelines for Assessing and Addressing Risks Related to the Firearms Misuse in Domestic Violence.* Belgrade: SEESAC.

12 SEESAC. 2024. *Guidelines for Gender Responsive Firearms Licence Approval.* Belgrade: SEESAC.

13 *https://www.seesac.org/News_1/western-balkan-authorities-raise-institutional-capacities-for-effective-prevention-and-combatting-of-use-of-firearms-in-domestic-violence/*

14 *https://www.seesac.org/News_1/western-balkan-authorities-to-make-firearms-licensing-gender-sensitive/*

на производи на знаење што се изготвија во рамките на проектот *Намали го ризикот, зголеми ја безбедноста – За искоренување на злоупотребата на МЛО и семејното насилство*, што го спроведуваше Канцеларијата на УНДП во Србија и во кој беа вклучени искуства од Австралија, Канада и Нов Зеланд.

Се спроведоа дополнителни консултации[15] со членовите на работните групи со цел да се продискутираат структурата и содржината на нацрт-верзијата на прирачниците и да се предложат измени за да се овозможи практична примена на прирачниците. Во процесот на стручната оцена учествуваа и претставници на пет женски организации, при што посебен акцент се стави на прашања поврзани со безбедноста на жртвите на семејно насилство.

Откако се изготви конечната верзија на прирачниците, SEESAC одржа две регионални обуки за обучувачи и оформи регионален фонд од 29 обучувачи, кои одржаа 10 обуки во своите институции за повеќе од 130 полициски службеници во регионот во 2025 година.

15 https://www.seesac.org/News_1/regional-consultations-on-practical-tools-to-prevent-the-misuse-of-firearms-in-gender-based-violence_1/

Chapter 3

# Семејно насилство – обем на проблемот

Клучниот контекст за идентификување на конкретните ризици поврзани со огненото оружје при семејно насилство се добива со разбирање на формите, распространетоста, динамиките и знаците на семејно насилство[16] и насилство врз жените, како и структурните фактори што поттикнуваат такво насилство. Тоа овозможува да се направи попрецизна процена на начинот на којшто достапноста и употребата на огнено оружје го влошуваат насилството и ја зголемуваат ранливоста на жртвите, а особено на жените.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство или Истанбулската Конвенција го дефинира семејното насилство како сите дејства на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Жените и девојчињата се изложени на поголем ризик од семејно и родово-базирано насилство од мажите. Насилството врз жените во домот се разликува од другите видови на насилство бидејќи е родово-базирано, односно насочено кон жена поради нејзиниот пол, односно несразмерно влијае врз жените. Насилство врз жените се сите дејства на родово-базирано насилство коишто доведуваат или постои веројатност да доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви дејства, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Насилството врз жените преставува прекршување на човековите права и форма на дискриминација врз жените. Претставува манифестација на нееднаквата распределба на моќта меѓу жените и мажите низ историјата, што довело до доминантност и дискриминација врз жените од страна на мажите и го попречило напредокот на жените.

Семејното насилство, а особено насилството од интимен партнер кое го вршат мажи, претставува врска во која едно лице користи насилно однесување за да се стекне со или да ја одржи моќта и контролата врз партнерот. Како такво, семејното насилство секогаш претставува злоупотреба на моќта и контролата од страна на сторителот. Сторителите користат разни тактики, меѓу кои се вбројуваат изнуда и закани, емоционално насилство, изолирање, заплашување и искористување на машката привилегија[17] и децата за да се стекнат со или да ја одржат моќта и контролата врз партнерот.[18] Присуството и употребата на огнено оружје се ефективен начин за наметнување моќ и контрола при семејно насилство.

Инцидентите со семејно насилство ретко се изолирани настани и обично зачестуваат и стануваат понасилсни. Постои веројатност да резултираат со сериозни физички повреди или смрт. Заради превенција, клучно е да се разберат динамиките и фазите на семејното насилство.

Најекстремната форма на насилство врз жените е фемицидот (или феминицидот), односно намерно родово-мотивирано убивање жени и девојчиња. Фемицид значи убивање жена од страна на маж поради омраза кон жените, презир, задоволство,

16 Дефинициите што се искористени во ова Поглавје се преземени од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

17 Машка привилегија претставува систем од предности или права што ги уживаат мажите врз основа на нивниот пол и произлегува од идејата и практиката на доминантност на мажите врз жените. Со системско потчинување на жените, мажите добиваат економски, политички, општествени, едукативни и практични предности што не се достапни за жените. Семејното насилство може да ја поттикне машката привилегија во денешното општество. Ја поткрепува моќта што се смета дека мажите ја имаат, доведувајќи до тоа жените да ги сносат последиците. Машката привилегија се овозможува преку објективизирање на жените и ставање на жените во позиција да ги исполнуваат потребите на машките партнери. Така, мажите може да си помислат дека имаат право да ги контролираат жените. Ова прави мажите да се чувствуваат надмено, што се манифестира со изнуда, казнување или примена на други тактики за контрола врз жртвата. (Извор: *Domestic Violence and Male Privilege*).

18 За повеќе детали, видете Amandra Kippert (2021). What are the Power and Control Wheels?.

чувство дека ја поседува и моќ врз жените. Фемицидот се разликува од убиството на маж на специфичен начин. На пример, повеќето фемициди ги извршуваат актуелни или поранешни партнери и опфаќаат постојано насилство во домот, закани или заплашување, сексуално насилство или ситуации каде што жените имаат помалку моќ и ресурси од нивните партнери.[19]

Како оправдување за ова однесување, честопати се наведуваат општествените и културните ставови, норми и очекувања од мажите да користат насилство за да ја одржат моќта и контролата врз нивните актуелни или поранешни партнери. Одредени истражувања воспоставуваат врска меѓу семејното насилство и прифаќањето на машката доминантност во општеството, стереотипите за родовите улоги и нормализирањето на насилството како средство за разрешување конфликти. Горенаведеното е документирано и во Западен Балкан. Родовите стереотипи може да поттикнат насилство врз жените и поседување и употреба на оружје, а широката распространетост на позитивни ставови кон поседувањето оружје во заедницата може да ги попречи напорите за ставање на семејното насилство при кое се користи огнено оружје под контрола.

Иако жртви на семејно насилство може да бидат и жените и мажите, начините, степенот на изложеност и причините за виктимизација во домот значително се разликуваат кај мажите и жените. Во домот, жените се изложени на многу поголем ризик од насилство од страна на нивниот интимен партнер, актуелен или поранешен, а мажите се главно изложени на ризик од насилство од други, најчесто машки членови на семејството. Насилството врз мажите обично не е родово-базирано и произлегува од семејни спорови, спорови за имотни прашања, меѓугенерациско насилство итн.

## Распространетост на семејното насилство во Западен Балкан

Семејното насилство во Западен Балкан е сеприсутно и несразмерно влијае врз безбедноста и благосостојбата на жените. Распространетоста и карактеристиките на насилството врз жените во домот се документирани во истражувањето спроведено од ОБСЕ, што сѐ уште претставува извор на најнови споредливи податоци во регионот.[20]

Според истражувањето, повеќе од половина од жените во Западен Балкан искусиле некаква форма на насилство од нивна 15-годишна возраст. Најголем процент на жени кои навеле дека искусиле каква било форма на насилство е евидентиран во Албанија (67 %), потоа во Србија (62 %), Косово (58 %), Северна Македонија (54 %), Црна Гора (51 %) и Босна и Херцеговина (48 %). Широката распространетост на насилството врз жени ја наметнува потребата за загриженост поради присуството и улогата на огнено оружје при вакво насилство.

19 Светска здравствена организација. 2012. *Understanding and addressing violence against women.*

20 За повеќе информации, видете го Главниот извештај за Истражувањето спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените. Во извештајот се презентирани меѓурегионалните споредливи наоди од Истражувањето спроведено од ОБСЕ за благосостојбата и безбедноста на жените, што се спроведе во 2018 година во избрани јурисдикции од Југоисточна и Источна Европа. Во истражувањето се комбинирани квантитативни и квалитативни компоненти. Целта на спроведувањето беше да се обезбедат споредливи податоци за различните форми на насилство на кои се изложени жените во детството и во текот на животот. Се испитува насилството што го искусуваат жените во конфликтни зони и зони без конфликти, како и влијанието на насилството врз жените и девојчињата и долгорочните последици. Поставени се прашања за нормите и ставовите за насилство врз жените со цел да се продлабочи разбирањето на главните причини поради кои се извршува насилство.

Слика 1

## Распространетост на различни видови на насилство врз жени од нивна 15-годишна возраст, во %




Извор: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените, 2019 година

Најраспространетиот вид на насилство врз жените од јурисдикциите во Западен Балкан е психичко насилство од интимен партнер, а потоа сексуално вознемирување.

Посебно алармантна е распространетоста на физичкото насилство, а бројот на жени жртви се разликува во зависност од јурисдикцијата, односно 14 % во Косово и Северна Македонија, 15 % во Босна и Херцеговина, 19 % во Црна Гора и 22 % во Албанија и Србија. Кај жените во Западен Балкан постои поголема веројатност да искусат физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер отколку од друго лице. Исто така, кај жените постои поголема веројатност да изјават дека искусиле речиси секаква форма на насилство од поранешниот партнер отколку од актуелниот партнер. Како што беше споменато, постои можност овој тренд да е поврзан со поголема желба за откривање на насилството што го искусиле во претходни врски во споредба со актуелната врска или да посочува на тоа дека насилството придонесло за ставање крај на тие врски, што честопати го наведуваат жените.[21] Демнењето е најраспространета форма на насилство што ја искусиле жените, а процентот на жени жртви варира од 5 % до 13 %.

21 Ibid, page 43.

Табела 1

## Распространетост на физичко и/или сексуално насилство од 15-годишна возраст, според вид на сторител

| | Актуелен партнер, % | | | Поранешен партнер, % | | | Актуелен или поранешен партнер, % | | | Друго лице, % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физичко насилство | Сексуално насилство | Физичко и/или сексуално | Физичко насилство | Сексуално насилство | Физичко и/или сексуално | Физичко насилство | Сексуално насилство | Физичко и/или сексуално | Физичко насилство | Сексуално насилство | Физичко и/или сексуално |
| **Албанија** | 17 | 3 | 18 | 22 | 6 | 23 | 19 | 4 | 19 | 11 | 1 | 11 |
| **БиХ** | 6 | 2 | 6 | 11 | 4 | 11 | 10 | 4 | 11 | 7 | 1 | 8 |
| **Црна Гора** | 11 | 3 | 12 | 15 | 2 | 15 | 17 | 3 | 17 | 8 | 1 | 9 |
| **Северна Македонија** | 6 | 2 | 7 | 10 | 4 | 12 | 9 | 3 | 10 | 6 | 2 | 7 |
| **Србија** | 9 | 3 | 10 | 17 | 5 | 18 | 17 | 5 | 17 | 8 | 2 | 9 |
| **Косово** | 8 | 4 | 9 | 15 | 6 | 18 | 9 | 4 | 11 | 7 | 1 | 8 |

Извор: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените, 2019 година

Исто така, во истражувањето е документирано дека разните форми на насилство што ги искусуваат интимните партнери ретко остануваат изолиран настан. Жените честопати наведуваа дека искусиле насилство повеќе пати, што посебно важи за насилство од поранешен партнер.[22]

Во однос на психичкото насилство од интимен партнер, во Западен Балкан е најраспространето контролирачкото однесување, потоа следи насилното однесување, економското насилство и употребата или злоупотребата на децата за изнуда или уцена.

Слика 2

## Распространетост на различни видови на психичко насилство од интимен партнер, во %




Извор: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените, 2019 година

22 Ibid, page 41.

Во истражувањето се документирани разни форми на контролирачко однесување што може да имаат големо влијание врз животот на жените, да ја ограничат нивната автономија и да имаат сериозни последици за нивната слобода, здравјето и општата благосостојба.

Насилството има различни штетни влијанија врз благосостојбата на жените и остава сериозни последици врз физичкото и менталното здравје. Како најчести физички последици се наведуваат модринки и гребаници, а потоа рани, шинување и изгореници. Повредите најчесто се наведуваат како резултат на посериозен инциденти извршен од претходен партнер.[23] Насилството има штетни и трајни последици врз психичкото здравје на жртвите. Кај мнозинството жртви на физичко и/или сексуално насилство се појавил најмалку еден долготраен психолошки симптом, најчесто анксиозност и депресија, а потоа следуваат чувство на ранливост, губење на самодовербата, тешкотии при спиење итн.[24]

И покрај сеприсутноста, многу често искуствата со насилство, сексуално вознемирување и демнење не се пријавуваат до надлежните органи. Во истражувањето е документирано дека дури и по најсериозните инциденти со физичко и/или сексуално насилство, полицијата не била известена во повеќето случаи, како што може да се забележи во Слика 3 подолу. Кај жртвите постои значително поголема веројатност да го пријават најсериозниот инцидент ако го извршило лице кое не е нивен партнер, отколку ако нивниот интимен партнер е сторителот. Исто така, најголема е веројатноста жртвите да не пријават насилство извршено од актуелниот партнер, а стапката на пријавување насилство од актуелен партнер е значително пониска од стапката на пријавување насилство од поранешен партнер.

Слика 3

## Јавување во полиција од жртви по најсериозниот инцидент со насилство од актуелен или поранешен партнер или од друго лице




Извор: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените, 2019 година

23 Ibid, page 86.
24 Ibid, page 88.

Истражувањето исто така покажува дека кај жените постои поголема веројатност да пријават насилство од поранешен партнер во полиција ако насилството било главна причина за ставање крај на врската, што укажува дека насилството најверојатно било сериозно пред жртвата да побара помош од полицијата.[25]

Уште помала веројатност постои полицијата да биде известена од други лица за случаи на сериозно насилство. Во однос на насилството од поранешен партнер, само 4 % од жените навеле дека друго лице го пријавило најсериозниот инцидент со насилство во полиција или дека надлежните органи дознале без некој да го пријави. Истото важи и за 3 % од жените кои претрпеле насилство од друго лице и за само малку повеќе од 0,5 % од жените кои биле жртви на насилство од актуелен партнер. Веројатноста дека насилство ќе се пријави во полиција или кај други организации се разликува во зависност од природата на насилството. Кај жените постои помала веројатност да контактираат со надлежните органи ако најсериозниот инцидент се само закани, физички или сексуални по природа. Но, кога при инцидентот е извршено физичко или сексуално насилство, се зголемува бројот на пријави во полиција или други организации. Кај жртвите на сексуални кривични дела постои помала веројатност да го пријават инцидентот во полиција, во споредба со жртвите на физичко насилство. Врз овој тренд влијае чувството на голем срам што е поврзано со сексуалното насилство.[26]

Во повеќето случаи, жртвите го пријавуваат најсериозниот инцидент, но постојат и исклучоци кога други лица го пријавуваат инцидентот.

Исто така, жените избираат да не контактираат со други служби, а кога ќе одлучат да го пријават најсериозниот инцидент, најчесто контактираат со здравствени институции.

Слика 4

**Како дознала полицијата за најсериозниот инцидент (за сите сторители)?**




Извор: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените, 2019 година

Во истражувањето се документирани разните фактори што придонесуваат за непријавувањето насилство, при што одлуката самостојно да се справат со инцидентот е најчестата причина поради која жените не се јавуваат во полиција или кај други даватели на услуги откако ќе претрпат насилство. Други фактори се чувството на срам, загриженоста

25 Ibid, page 95.
26 Ibid, page 99.

за финансиите, недовербата во институциите, неинформираноста за специјализираните служби и стравот од одмазда, поточно загриженоста дека пријавувањето би можело да доведе до влошување на насилството од сторителот.[27]

Во анкетата за јавното мислење за безбедноста во Западен Балкан исто така е документирана широката распространетост на семејното насилство. Во 2022 година, 40 % од испитаниците во регионот тврделе дека познаваат лице од нивното семејство, маало или заедница кое претрпело семејно насилство.

Слика 5

## Дали познавате некое лице (од вашето семејство, маало или заедница) кое претрпело семејно насилство?




Извор: SecuriMeter на Регионалниот совет за соработка од 2022 година

Резултатите од анкетата посочуваат на подигнатата јавна свест за важноста на спречувањето и борбата против семејно насилство во Западен Балкан. Општо земено, 72 % од испитаниците во регионот сметаат дека семејното насилство е сериозна закана по безбедноста во јурисдикцијата во која живеат, за разлика од една четвртина (25 %) кои не го делат истото мислење.

27 Ibid, стр. 103.

Слика 6

## Дали се согласувате со следнава изјава: Семејното насилство претставува сериозна закана по безбедноста?




Извор: SecuriMeter на Регионалниот совет за соработка од 2022 година

Поглавје 4

# Влијанието на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство

## 4.1 Предизвици при доловувањe на зачестеноста на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство

Според податоците што ги доставија министерствата за внатрешни работи од регионот, вкупниот број на инциденти со семејно насилство што биле пријавени во полиција останува конзистентен на регионално ниво во периодот на известување, а мал раст е евидентиран во 2021 година.

Слика 7

**Број на инциденти со семејно насилство што се пријавени во полиција, 2019 – 2021 г.**




Извор: министерства за внатрешни работи во Западен Балкан

Бројот на пријавени инциденти[28] во Албанија и Косово постојано се зголемувал во текот на периодот ма известување, а во Босна и Херцеговина[29] и Црна Гора се намалил.

Слика 8

**Број на инциденти со семејно насилство што се пријавени во полиција, 2019 – 2021 г.**




Извор: министерства за внатрешни работи во Западен Балкан

28 Не беа достапни конкретни податоци за Северна Македонија.

29 Од Босна и Херцеговина, доставија податоци Република Српска, Округот Брчко, Кантонот Сараево, Кантонот Зеница-Добој, Кантонот Западна Херцеговина, Кантонот Уна-Сана, Кантонот Тузла, Кантонот Посавина и Кантонот 10.

Во Албанија, има постојан раст на бројот на барања за налог за заштита од жителите. Во 2019 година, поднесени биле 1792 барања. Овој број се зголемил на 1886 во 2020 година и достигнал 2046 во 2021 година. Слично на тоа, бројот на издадени налози за заштита исто така посочува на раст, при што во 2019 година се издадени 2836 налози, во 2020 се издадени 2816 барања, а во 2021 се издадени 3151 барање.

Во Босна и Херцеговина се поднесени кривични пријави против 3580 дела поврзани со семејно насилство.

Полицијата во Косово поднесла 1859 кривични пријави за семејно насилство во 2019 година, 2061 кривична пријава за семејно насилство во 2020 година и 2438 кривични пријави за семејно насилство во 2021 година или вкупно 6358 кривични пријави во периодот од 2019 – 2021 година.

Во периодот 2019 – 2021 година, во Црна Гора се поднесени вкупно 931 кривична пријава за семејно насилство, и тоа: 305 во 2019 година, 315 во 2020 година и 311 во 2021 година. Во истиот период, поднесени се вкупно 4476 прекршочни пријави, и тоа: 1548 во 2019 година, 1474 во 2020 година и 1454 во 2021 година.

Во Северна Македонија, официјалната статистика не генерира статистички податоци за бројот на пријавени случаи, туку за извршени кривични дела и прекршоци. Во однос на кривични дела, 989 биле извршени во 2019 година, 992 во 2020 година и 1056 во 2021 година. Кога станува збор за прекршоци, 470 биле извршени во 2019 година, 486 во 2020 година, пред бројот да падне на 379 во 2021 година. Во однос на семејно насилство, 3196 поплаки се примени во 2019 година, 3759 во 2020 година и 3761 во 2021 година.

Ограничениот пристап до податоци попречува да се разбере колку често се користи и злоупотребува огнено оружје при семејно насилство. На пример, во Црна Гора и Северна Македонија беа достапни податоци за случаи кога огненото оружје се користело како средство за извршување кривично дело, но овој број може да е многу понизок од бројот на случаи на семејно насилство, при што сторителот поседувал огнено оружје, без разлика на тоа дали го употребил или не. Во Босна и Херцеговина, само некои од субјектите доставија вакви податоци. Иако се ограничени, достапните податоци покажуваат дека за разлика од големиот број на пријавени случаи на семејно насилство, бројот на случаи со сторител што поседувал огнено оружје, легално или нелегално, останува низок во овој период.

На пример, во само 1,4 % од пријавените случаи на семејно насилство во Албанија сторителот поседувал легално или нелегално огнено оружје. Во Босна и Херцеговина, оваа цифра изнесува 3,3 %, а во Косово 0,2 %.

Табела 2

## Број на пријавени инциденти со семејно насилство, при што е евидентирано дека сторителот поседува легално или нелегално огнено оружје

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Албанија** | 23 | 24 | 16 |
| **БиХ** | 66 | 75 | 76 |
| **Косово** | 5 | 8 | N/A |
| **Црна Гора** | N/A | 2 | 2 |
| **Северна Македонија** | N/A | N/A | N/A |

Извор: министерства за внатрешни работи во Западен Балкан

Во апсолутни цифри, во истиот период во Албанија се евидентирани 31 случаи со сторител што поседувал и злоупотребил[30] огнено оружје и 32 случаи со сторител што поседувал огнено оружје, но не го употребил. Во Босна и Херцеговина, делумните податоците што ги доставија разните субјекти покажаа дека имало 26 случаи со злоупотреба на огнено оружје и 194 случаи со сторител што поседувал огнено оружје, но не го употребил. Црна Гора извести за четири случаи со злоупотреба на огнено оружје и еден случај со сторител што поседувал огнено оружје, но не го употребил. Во Северна Македонија, вакви податоци не се генерираат преку официјална статистика. Но, според податоците за огнено оружје употребено како средство за извршување кривично дело, во 2019 и 2020 година биле евидентирани пет кривични дела семејно насилство со огнено оружје, а во 2021 година биле евидентирани 11 вакви кривични дела. Во периодот за известување, не се евидентирани кривични дела семејно насилство со огнено оружје.

За Косово не беа достапни вакви податоци.

Можно е ниските цифри да ги одразуваат практиките за водење евиденција што не ја доловуваат реалната слика во целост, поради што се истакнува потребата од дополнителна анализа.

Сличен тренд со мал број на пријавено огнено оружје при семејно насилство се забележува и во податоците генерирани преку AVMP, што посочува дека **злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство значително помалку се пријавува во споредба со другите видови на инциденти**, вклучувајќи ги и кривичните дела, јавните спорови или пукање поради неодредена причина. Од 2019 до 2023 година, **инцидентите поврзани со огнено оружје при семејно насилство сочинуваат 3,1 % од сите пријавени инциденти со огнено оружје**, а овој тренд останува непроменлив во текот на целиот период.

Слика 9

## Број на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

30 Во смисла на ова истражување, злоупотреба на огнено оружје се однесува на каков било вид на употреба на огнено оружје за закaнување, заплашување, воспоставување контрола, изнуда, психичко насилство, сексуално насилство, економско насилство, физички напад, повреда или убиство и беа побарани соодветни податоци.

AVMP документира постојан раст на бројот на пријавени инциденти со семејно насилство во истиот период. Поточно, бројот на таквите инциденти се зголемил за 72 %. Можно е овој раст да одразува вистинско зголемување на инцидентите или зајакнати механизми за пријавување, вклучувајќи и поголемо внимание на прашањето од медиумите. SEESAC презеде заеднички напори за позитивно да влијае врз јавниот дискурс за семејното насилство, особено семејно насилство што е извршено со огнено оружје. За да се создаде основа, се спроведе анализа на медиумското известување за појавата[31] во Западен Балкан. Со помош на резултатите, се организира[32] обука за претставниците на министерствата за внатрешни работи, полициските служби, јавното обвинителство и медиумите. Целта на обуката беше да им помогне подобро да ја разберат појавата и да се подобри начинот на којшто ја известуваат јавноста за појавата. Се изготви прирачник за најсоодветниот начин на комуникација со медиумите за[33] семејното насилство со огнено оружје, кој е наменет за министерствата за внатрешни работи и полициските служби. Во 2017 година, Канцеларијата на УНДП во Србија направи револуционерен потег и заедно со Фондот Б92 ја основа групата Новинарки против насилство врз[34] жените. Како дел од работните задачи и со постојана поддршка од УНДП, групата го следи квалитетот на медиумското известување за насилството врз жените врз основа на установени, квалитетни индикатори. Исто така, групата го изготви Прирачникот за медиумско известување за насилство врз жените[35] и одржува обуки за претставниците на медиумите[36] со цел подобрување на нивните практики за известување.

Слика 10

**Број на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан (освен заплена на оружје), според вид на инцидент и година, 2019 – 2023 г.**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

31 SEESAC. 2024. *Analysis of Media Reporting on Firearm Misuse in Male Gender-Based Violence against Women in the Western Balkans.* Belgrade: SEESAC, 2024.

32 *https://www.seesac.org/News_1/seesac-finalizes-the-second-round-of-trainings-on-the-ethics-of-informing-the-public-about-incidents-of-firearms-misuse-in-domestic-violence-context/*

33 SEESAC. *Guidelines for Officials of the Ministries of Interior and Police Services for Communication with the Media in Cases of Firearm Misuse in Gender-Based Violence.* Belgrade: SEESAC, 2024.

34 *https://novinarkeprotivnasilja.org/*

35 Gligorijević, Jovana. Pavlović, Sanja and Cvetičanin Knežević, Hristina. *Guidelines on Media Reporting on Violence against Women.* Belgrade: United Nations Development Programme, 2021.

36 *https://www.undp.org/serbia/stories/media-training-step-towards-better-reporting-violence-against-women*

Факторите што придонесуваат за конзистентно ниската стапка на пријавување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство, вклучувајќи и за улогата на огненото оружје како одвраќач од пријавување на насилството кај жртвите, се разгледуваат подетално во Поглавје 7.

# 4.2 Карактеристики на инцидентите со огнено оружје при семејно насилство

## Различното влијание и ризиците од злоупотребата на огнено оружје врз мажите и жените

Според AVMP, поголемиот број од жртвите во пријавените инциденти со огнено оружје при семејно насилство во периодот од 2019 до 2023 година се жени (62,8 %), во споредба со 37,2 % од жртвите кои се мажи, односно 342 наспроти 203 случаи, по наведениот редослед. Во анализираниот период, бројот на пријавени инциденти во кои жени се жртви се зголемил од 48 на 91, што претставува раст од 89,6 %, додека бројот на инциденти со мажи жртви се зголемил од 50 на 57, или за 14 %.[37]

Слика 11

**Жртви на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол, 2019 – 2023 г.**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Како што може да се забележи од табелата подолу, повеќето жртви[38] на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во секоја јурисдикција во Западен Балкан биле жени, при што тие сочинуваат 53,1 % од вкупниот број на жртви во Црна Гора, а 69,9 % од вкупниот број жртви во Србија.

37 Во истиот период, не се достапни информации за полот на 27 жртви.

38 AVMP го дефинира терминот „жртва" како секое лице кое добило закани, било повредено или убиено како резултат на употреба на огнено оружје/муниција/експлозиви. Жртви се и лицата кои биле присутни кога испукало огненото оружје, но не се здобиле со прострелна рана, како и оние кои биле присутни за време на инцидентот со огнено оружје што не било употребено.

Табела 3

### Жртви на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство, според пол, година и јурисдикција

| Јурисдикција | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | | Мажи (%) (2019-2023) | Жени (%) (2019-2023) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| Албанија | 7 | 7 | 7 | 15 | 9 | 13 | 11 | 20 | 15 | 17 | 40.5% | 59.5% |
| БиХ | 8 | 12 | 8 | 8 | 2 | 9 | 2 | 5 | 7 | 9 | 38.6% | 61.4% |
| Косово | 2 | 10 | 11 | 11 | 9 | 25 | 10 | 28 | 16 | 15 | 35% | 65% |
| Црна Гора | 3 | 1 | 4 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 10 | 46.9% | 53.1% |
| Северна Македонија | 5 | 3 | 2 | 6 | 4 | 2 | 10 | 9 | 3 | 8 | 46.2% | 53.8% |
| Србија | 10 | 15 | 6 | 22 | 4 | 9 | 7 | 15 | 13 | 32 | 30.1% | 69.9% |
| **ВКУПНО** | **35** | **48** | **38** | **65** | **31** | **60** | **42** | **78** | **57** | **91** | 37.2% | 62.8% |

Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Најголем број на жени жртви се евидентирани во Србија, а потоа во Косово, Босна и Херцеговина и Албанија. Во Црна Гора и Северна Македонија, постојат по-малку разлики помеѓу бројот на жени и мажи жртви.

Достапните податоци за жртви во пријавени инциденти со семејно насилство при што било искористено огнено оружје во Западен Балкан посочуваат дека во регионот жените сочинуваат мнозинство од жртвите на вакви инциденти. Од 2019 до 2021 година, во Албанија 71,9 % од жртвите во инциденти со семејно насилство при што било искористено огнено оружје биле жени, во споредба со 28,1 % од жртвите кои биле мажи. Во Црна Гора, жените сочинувале 80 %, а мажите 20 % од жртвите. Според нецелосните податоците доставени од субјектите во Босна и Херцеговина, може да се заклучи дека и таму постоел сличен тренд,[39] односно 72 % од жртвите биле жени, а 28 % биле мажи.

***

Иако злоупотребата на огнено оружје има негативно влијание и врз жените и врз мажите, лесно е да се забележат несразмерното влијание врз жените и родово-базираната природа на оваа појава ако се разгледаат конкретните контексти и начини на виктимизација што ги искусуваат жените и мажите во Западен Балкан.

Во однос на извршувањето кривични дела со огнено оружје, жените и мажите искусуваат различни начини на виктимизација, а степенот и контекстот на нивната изложеност на вооружено насилство значително се разликува.

Според AVMP, од вкупниот број на инциденти поврзани со огнено оружје во кои жртвите се жени, 29,8 % настанале при семејно насилство, што претставува втора најчеста појава по кривичните дела, што сочинуваат 49,1 % од вкупниот број. Со оглед на непријавувањето семејно насилство, што се влошува со присуството на огнено оружје, вистинскиот соодност на ваквите инциденти веројатно е и поголем. Меѓу другите видови на инциденти, со исклучок на категоријата

39 Следниве субјекти од Босна и Херцеговина доставија податоци: Округот Брчко, Кантонот Сараево, Кантонот Тузла и Кантонот Зеница-Добој.

„друго/непознато“,[40] ниту една категорија (на пр. спорови во јавност, случајно пукање, пукање за време на прослави, ловење или спорови со полицијата) не надминува 5 % од вкупниот број на инциденти поврзани со огнено оружје во кои биле вклучени жени. Зголемениот ризик од огненото оружје за жените станува уште пострашен кога ќе се земат превид смртните исходи од ваквите инциденти, што се разгледува подетално понатаму во извештајот.

За разлика од жените, кај мажите постои поголема веројатност да бидат жртви на злоупотреба на огнено оружје при спорови во јавност, што сочинува 34 % или повеќе од една третина од ваквите инциденти. Потоа следат инцидентите под „друго/непознато“ со 27,4 %, криминален контекст со 23,4 % и случајно пукање или пукање за време на прослави и ловење со 6,7 %.

**При споредба на контекстите се открива дека кај жените постои речиси пет пати поголема веројатност да бидат жртви на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство отколку кај мажите, односно 29,8 % наспроти 6,2 %, по наведениот редослед.**

Слика 12

## Жени жртви на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.




Слика 13

## Мажи жртви на инциденти поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.




Криминален контекст | Семејно насилство | Друго/непознато | Спор во јавност | Несреќен случај, ловење, пукање за време на прослави | Спор со полицијата

Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

40 „Друго“ како посебна категорија на видовите на инциденти со огнено оружје опфаќа самоубиства, пукање при неопределени околности, пукање во животни што не е поврзано со ловење, експлозии при неопределени околности, употреба на оружје во самоодбрана и други инциденти што не може да се класифицираат во ниедна горенаведена категорија.

Големи варијации се евидентирани во текот на анализираниот период. Со исклучок на 2021 година, бројот на инциденти со семејно насилство се зголемил во однос на жените жртви и на мажите жртви. Растот е поистакнат во однос на жените жртви, при што бројот на вакви инциденти речиси двојно се зголемил – од 20,6 % на 40,1 %. Помал, но значителен раст е евидентиран и во однос на мажите жртви на вакви инциденти, односно од 6,7 % на 8,2 %.

Слика 14

### Удел на инцидентите поврзани со огнено оружје и семејно насилство во вкупниот број на инциденти во Западен Балкан, според пол на жртвите и година




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

## Карактеристики на инцидентите поврзани со огнено оружје и семејно насилство

Во домот, **злоупотребата на огнено оружје почесто настанува при насилство од интимен партнер отколку при насилство од други членови на семејството.** Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани 266 инциденти со насилство од интимен партнер, во споредба со 186 инциденти со насилство од други членови на семејството.

Слика 15

### Инциденти поврзани со огнено оружје, според сторител (интимни партнери и други членови на семејството) во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Бројот на евидентирани инциденти извршени од интимен партнер бележи поголем раст и речиси двојно се зголемил за пет години, од 36 инциденти во 2019 година на 70 инциденти во 2023 година. Бројот на инциденти извршени од други членови на семејството исто така значително се зголемил, но во помала мера и со поголеми варијации отколку оној на инцидентите поврзани со интимен партнер.

Слика 16

## Број на инциденти поврзани со огнено оружје што се извршени од интимен партнер или други членови на семејството во Западен Балкан, според година




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

**Разликите во начините на виктимизација истакнуваат дека искуствата на жените и мажите жртви на семејно насилство значително се разликуваат.** Податоците од AVMP посочуваа на постојан тренд, при што злоупотребата на огнено оружје од интимен партнер несразмерно влијае врз жените, кои сочинуваат 97,7 % од жртвите на насилство од интимен партнер поврзано со огнено оружје во периодот од 2019 до 2023 година. Како што може да се забележи од графиконот подолу, бројот на мажи жртви од вооружено насилство од нивните партнери останува конзистентно низок, а во одредени години не се евидентирани такви инциденти.

Слика 17

## Жртви на инциденти со огнено оружје што се извршени од интимен партнер во Западен Балкан, според пол и година




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Кај жените на возраст од 36 до 60 години постои најголема веројатност да бидат жртви на семејно насилство при што се употребува огнено оружје, а потоа следуваат жените на возраст од 19 – 35 години и оние на 61 година и повеќе. Ваква распределба на возрасните групи на жртвите е документирана во регионот и од AVMP на SEESAC и во официјалните податоци што ги доставија министерствата за внатрешни работи во регионот.

Од друга страна, кај мажите постои поголема веројатност да бидат жртви на злоупотреба на огнено оружје од страна на други машки членови на семејството. Кога беа достапни податоци за полот на жртвите на ваков вид на насилство, мажите сочинуваа 72,3 %, а жените 27,7 % од овие жртви.

Слика 18

## Жртви на инциденти со огнено оружје што се извршени од други членови на семејството во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Слично на горенаведеното, и жените и мажите од возрасната група 36 – 60 години најмногу биле изложени на злоупотреба на огнено оружје, главно од машки членови на семејството.

Иако нема доволно информации за околностите во кои настанале инцидентите, достапните податоци посочуваат дека ваквите инциденти главно настануваат меѓу членови на потесното семејство, особено меѓу татковци и синови, при што кој било од нив може да е жртва или сторител. Евидентирани се спорови меѓу браќа, како и инциденти со членови на поширокото семејство, како што се внуци, зетови или шури и братучеди. Мотивациите за овие инциденти се разликуваат и опфаќаат семејни спорови, неразрешени конфликти за имотни прашања и долготрајна злоупотреба. Споровите што се поврзани со имотни прашања се голем фактор во многу случаи, вклучувајќи ги и случаите со наследство, несогласување за финансиски прашања, конфликти за поседување земјиште и понекогаш, проблеми со менталното здравје.

Злоупотребата на огнено оружје при насилство од интимен партнер не влијае само врз партнерот, туку и врз другите членови на семејството и лицата кои се присутни за време на настанот. Во текот на петте години што се анализирани, злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство негативно влијаела врз 38 мажи и 22 жени, а полот на 20 дополнителни жртви е непознат. Ограничените податоци потврдуваат и дека најголемо влијание има врз децата.

Во однос на макролокацијата, постои многу поголема веројатност инцидентите поврзани со огнено оружје и семејно насилство во Западен Балкан да настанат во урбани (65,4 %) отколку во рурални средини (34,6 %). Исклучок се Албанија, каде што почесто настанувале инциденти во рурални средини (52 %) отколку во урбани средини и Црна Гора, каде што значително мнозинство од инцидентите настанале во урбани средини (90,3 %).

Во регионот, огненото оружје најчесто се користело во приватен простор (во домот или градината), односно во 83,2 % од евидентираните инциденти. Ваквите трендови се конзистентни и се поклопуваат со податоците од претходното истражување на SEESAC.

Еден од десет инциденти бил извршен на улица, тротоар или паркинг, а потоа на друг јавен простор, како што се канцеларии или продавници за малопродажба.

Слика 19

**Микролокација на инциденти поврзани со огнено оружје и семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

## 4.3 Смртни исходи од инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство

Во чиста спротивност со непријавувањето, злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство има сериозни и далекусежни последици врз безбедноста и благосостојбата на жените и мажите во регионот, но претставува и голем предизвик за напорите за контрола на МЛО. Кумулативното влијание е сериозно, почнувајќи од смртоносни и несмртоносни физички повреди и психичка траума.

Сериозноста на семејното насилство посебно се одразува во бројот на смртни исходи поврзани со злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство. Анализата на податоците од AVMP овозможува увид во карактеристиките на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство. Исто така, анализата овозможува да се разбере оваа појава во поширокиот контекст со вооружено насилство во регионот и го евидентира високиот број на смртни исходи од злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство.

Од 2019 до 2023 година, **вкупниот број на смртни случаи како резултат на семејно насилство (152) бил повисок од бројот на смртни случаи од која било друга категорија на инциденти** во AVMP, надминувајќи го бројот на смртни случаи како резултат на

кривични дела (144) и спорови во јавност (135), што се на второ и трето место, по наведениот редослед, ако не се земе предвид категоријата „Друго“.[41]

Високиот број на смртни исходи како резултат на семејно насилство кажува различна приказна од релативно нискиот број на пријавени инциденти, што ги истакнува специфичните ризици поврзани со огненото оружје и зголемената веројатност од смртен исход.

Слика 20

## Број на смртни случаи поврзани со огнено оружје, според вид на инцидент во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.[42]




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Идентификувани се неколку фактори што ја зголемуваат веројатноста од смртен исход при семејно насилство со присуство на огнено оружје: сериозноста на прострелните рани, ограничена можност на жените за давање отпор, помала веројатност за бегство или интервенција од други лица и зголемена веројатност насилникот да го искористи огненото оружје.[43]

На ниво на јурисдикција, во Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија, бројот на смртни исходи од злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство е поголем од бројот на смртни исходи од сите други видови на инциденти. Во Албанија, смртните исходи од семејно насилство се на третото место, по кривичните дела и споровите во јавност, а сличен тренд е евидентиран во Црна Гора, каде што смртните исходи од семејно насилство доаѓаат по категоријата „друго“ и „криминален контекст“. Во Косово, пак, смртните исходи се на третото место, по категориите „друго“ и „спорови во јавност“.

41 „Друго“ како посебна категорија на видовите на инциденти со огнено оружје опфаќа самоубиства, пукање при неопределени околности, пукање во животни што не е поврзано со ловење, експлозии при неопределени околности, употреба на оружје во самоодбрана и други инциденти што не може да се класифицираат во ниедна горенаведена категорија.

42 Цифрите од оваа слика го означуваат вкупниот број на смртни случаи поврзани со огнено оружје на мажи, жени и лица чиј пол не е наведен.

43 SEESAC. 2016. *Gender and SALW in South East Europe.* Belgrade: SEESAC., стр. 23.

Слика 21

## Број на смртни случаи поврзани со огнено оружје, според вид на инцидент и јурисдикција, 2019 – 2023 г.[44]




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Во целиот регион, бројот на смртни случаи како резултат на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство го достигнал врвот во 2020 година и бил на третото место во 2019 и 2021 година. Во 2022 и 2023 година, бројот на смртни случаи од семејно насилство бил на второто место, но масовните престрелки во 2022 година (Цетиње) и 2023 година (Белград, Дубона и Орашје) имале големо влијание врз трендовите. Ако тие инциденти не се земат предвид, семејното насилство би било на првото место во двете години во однос на смртните случаи.

44 Цифрите од оваа слика го означуваат вкупниот број на смртни случаи поврзани со огнено оружје на мажи, жени и лица чиј пол не е наведен.

Слика 22

## Број на смртни случаи поврзани со огнено оружје, според вид на инцидент и година




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Имено, во 2020 година е евидентиран највисокиот број на смртни случаи на жени и мажи, што се поклопува со првата година од пандемијата, кога се спроведуваа строги мерки за забрана за движење низ целиот регион. Ова ја истакнува потребата за дополнително истражување за начинот на којшто конкретни услови за време на Ковид-19 придонесле за овие исходи.

Слика 23

## Број на жени и мажи што биле убиени со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според година




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Несразмерното влијание на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз жените е посебно видливо во статистичката анализа на смртни случаи од огнено оружје според вид на инцидент.

Како што може да се забележи од сликата подолу, **68,4 % од жените што биле убиени со огнено оружје во регионот биле жртви на семејно насилство.** Оваа цифра е речиси осум пати повисока од онаа за жените што биле убиени при кривични дела (8,8 %), што се наоѓа на второто место ако се изземе категоријата „друго“.

За разлика од тоа, кај мажите постои многу поголем ризик да бидат убиени во други ситуации, како што се спорови во јавност (24,9 %) и при кривични дела (24,3 %). Сепак, голем дел од мажите што биле убиени со огнено оружје се убиени при семејно насилство – 10,2 %.

Слика 24

### Смртни случаи на жени што се поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.




Слика 25

### Смртни случаи на мажи што се поврзани со огнено оружје во Западен Балкан, според вид на инцидент, 2019 – 2023 г.




Семејно насилство · Криминален контекст · Спор во јавност · Случајно пукање/пукање за време на прослави/ловење · Масовни престрелки · Спор со полицијата · Друго/непознато

Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Ваков тренд е евидентиран во регионот за подолг временски период.

Табела 4

## Број на смртни случаи во Западен Балкан, според вид на инцидент, пол и година

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| **Семејно насилство** | **18** | **10** | **23** | **17** | **17** | **8** | **16** | **11** | **19** | **13** |
| **Криминален контекст** | 4 | 26 | 0 | 27 | 3 | 30 | 0 | 27 | 5 | 21 |
| **Спорови во јавност** | 0 | 30 | 0 | 24 | 0 | 29 | 1 | 24 | 0 | 27 |
| **Случајно пукање/пукање за време на прослави/ловење** | 1 | 7 | 2 | 15 | 1 | 19 | 3 | 7 | 0 | 9 |
| **Масовни престрелки** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 6 | 9 | 10 |
| **Спор со полицијата** | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 7 |
| **Друго** | 3 | 23 | 2 | 33 | 2 | 28 | 1 | 19 | 2 | 23 |
| **Вкупно** | 26 | 99 | 27 | 118 | 23 | 115 | 25 | 96 | 35 | 110 |

Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Очигледно е дека начините на виктимизација при семејно насилство значително се разликуваат кај жените и мажите и несразмерно влијаат врз жените. Сепак, во апсолутни цифри, голем број на мажи се убиени при семејно насилство.

Во однос на семејното насилство, жените биле во најголем ризик од злоупотреба на огнено оружје од нивниот актуелен или поранешен интимен партнер. Нешто повеќе од една од две жени (69 од 136) во Западен Балкан што биле убиени со огнено оружје се убиени од нивниот интимен партнер. Во истиот период, тројца мажи биле убиени со огнено оружје од нивните партнери, што сочинува 0,6 % од вкупниот број на мажи убиени со оружје. Насилството со огнено оружје од интимен партнер влијае и врз безбедноста на другите лица кои се присутни во моментот. Во периодот на известување, вкупно 13 лица, од кои 4 жени и 9 мажи, биле убиени во ваква ситуација.

Исто така, 20 (14,7 %) жени и 47 (8,7 %) мажи што биле убиени со огнено оружје се убиени од други членови на семејството, кои претежно се мажи.

Слика 26

## Родови разлики во последиците од злоупотреба на огненото оружје во случаи на семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Како што може да се види, повеќето смртни случаи како резултат на огненонасилство од интимен партнер и овој тренд останува конзистентен.

Во поглед на насилство со огнено оружје од интимен партнер, кај жените постои поголем ризик да бидат убиени од нивниот актуелен интимен партнер (75 % од случаите) отколку од поранешниот партнер (25 % од случаите). Овие податоци истакнуваат дека иако во некои случаи ризикот за жртвата може да се намали откако ќе го напушти насилникот, ситуацијата може и да се влоши за време на или по разделувањето и да доведе до смртен исход, а дополнително се влошува со присуство на огнено оружје. Исто така, податоците покажуваат дека насилникот користи огнено оружје со цел да ја поврати контролата врз жртвата, што подетално е разгледано во Поглавје 7. Истражување спроведено во Србија покажува дека периодот од моментот на напуштање на сторителот до извршувањето фемицид трае од само неколку денови до две години..[45]

Слика 27

## Убиства поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според сторител, 2019 – 2023 г.




Слика 28

## Број на жени кои биле убиени со огнено оружје од актуелен или поранешен интимен партнер во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.




Source: SEESAC Armed Violence Monitoring Platform

45 Lacmanović. Vedrana. 2021. *Analysis of cases of femicide committed with firearms (June 2017 - June 2020).* Belgrade: UNDP.

Несразмерното влијание на злоупотребата на огнено оружје врз жените е евидентирано во сите јурисдикции од Западен Балкан, како што може да се види подолу.

Слика 29

## Албанија, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Слика 30

## Босна и Херцеговина, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Слика 31

## Косово, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Слика 32

## Црна Гора, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Слика 33

## Северна Македонија, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Слика 34

## Србија, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

## 4.4 Повреди

Злоупотребата на огнено оружје има штетно влијание врз физичката благосостојба на жените и мажите во регионот и предизвикува разни видови на телесни повреди. Во текот на анализираните пет години, во AVMP се евидентирани вкупно 60 повреди од огнено оружје при семејно насилство. Бројот на евидентирани повреди многу варира, а врвот го достигнал во 2019 година, доста се намалил во 2020, 2021 и 2022 година, пред повторно да се зголеми во 2023 година.

Слика 35

**Број на повреди од огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според година и пол на жртвите**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Општо земено, кај мажите постои поголема веројатност да се здобијат со повреди од огнено оружје отколку кај жените, иако постојат големи разлики во анализираниот петгодишен период. Во 2023 година, бројот на повреди од огнено оружје кај мажите и кај жените бил ист. Бројот на повреди од огнено оружје што ги нанесле други членови на семејството обично бил повисок од бројот на повреди нанесени при насилство од интимен партнер.

Во однос на ризиците, податоците ги потврдуваат документираните трендови дека жените се во најголем ризик од повреди со огнено оружје нанесени од нивниот интимен партнер, при што 66,7 % од повредите кај жените се нанесени при насилство од интимен партнер. За разлика од тоа, кај мажите постои обратен тренд и тие се во најголем ризик од повреди со огнено оружје нанесени од други машки членови на семејството или се колатерални жртви при насилство од интимен партнер (93 % од вкупниот број на повреди на мажи нанесени при семејно насилство).

## 4.5 Закани

Иако податоци за злоупотреба на огнено оружје се достапни главно за убиства/фемициди, повреди и физички напади, огненото оружје се користи и како средство за извршување други видови родово-базирано насилство, како што се психичко и сексуално насилство, вклучувајќи и силување, емоционално насилство, изнуда и

економско насилство. И покрај тоа што овие видови на насилство обично им претходат на убиствата, многу ретко се пријавуваат.

Ограничените податоци за евидентирани случаи на употреба на огнено оружје за заканување овозможуваат само делумно да се разбере оваа појава. Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани вкупно 177 случаи со закани со огнено оружје при семејно насилство. Нешто повеќе од две третини од овие инциденти настанале при насилство од интимен партнер (67,2 %), што влијаело врз интимните партнери (95 инциденти), но и врз други лица (24 инциденти). Исто така, 58 закани се извршени од други членови на семејството на жртвите.

Жените сочинуваат мнозинство од жртвите со 69,5 %, вклучувајќи ги сите жртви на насилство од интимен партнер.

Иако честопати недостигаат детални информации за инциденти со закани со огнено оружје, достапните податоци покажуваат дека таквите закани при семејно насилство или семејни спорови обично вклучуваат вербална или физичка демонстрација на нанесување повреда со цел да се заплашат или принудат жртвите. Природата на овие закани се разликува, но честопати опфаќа директни закани по животот или тактики чија цел е да предизвикаат голем страв, како што испукување со оружјето или прикажување други видови опасно оружје. Иако овие закани најчесто се упатени до интимниот партнер, тие се однесуваат и на другите членови на семејството, вклучувајќи ги децата, родителите и браќата/сестрите. Во неколку случаи, децата добивале директни закани или биле изложени на насилство.

Исто така, неколку сторители имале кривично досие, историја со семејно насилство или им биле издадени забрани за приближување, што го одразува нивното насилно однесување.

Иако голем дел од сторителите нелегално поседувале оружје, некои од нив употребиле легално оружје за да нанесат повреди или да им се заканувааат на жртвите.

## 4.6 Преглед на административни податоци

Во **Албанија**, евидентирани се вкупно 60 жртви на убиство поврзано со семејни односи во периодот 2019 – 2021 година. Од нив, во 20 случаи сторителот бил интимен партнер, а во 40 случаи сторителот бил друг член на семејството. Жените сочинуваат мнозинство од жртвите на убиство во домот, со 78,3 % (47 од 60), во споредба со 21,7 % од жртвите кои се мажи (13 од 60). Жените сочинуваат мнозинство од жртвите на убиство извршено и од интимен партнер (95 % од жртвите) и од друг член на семејството (70 % од жртвите), но може да се забележи дека кај жените постои најголем ризик да бидат убиени од актуелен или поранешен партнер. Во однос на семејството, кај мажите постои поголем ризик да бидат убиени од друг машки член на семејството (30 % од жртвите) отколку од нивниот интимен партнер (во Албанија е евидентиран само еден ваков случај во период од три години). Од сите убиства во домот, 38,3 % (23 од 60) се извршени со огнено оружје. Од убиствата од интимен партнер, 30 % се извршени со огнено оружје, во споредба со 42,5 % од убиствата што се извршени од друг член на семејството. Жените сочинуваат мнозинство од жртвите убиени со огнено оружје при семејно насилство со 69,6 % (16 од 23), во споредба со 30,4 % од жртвите кои се мажи (7 од 23). Оттаму, една од три жени (34 %, 16 од 47) кои биле убиени при семејно насилство е убиена со огнено оружје, во споредба со 53,8 % од машките жртви (7 од 13).

Во истиот период во **Косово**, 39 лица биле убиени при семејно насилство, од кои 9 биле убиени од интимен партнер, а останатите 30 од друг член на семејството. Жените сочинуваат 43,6 % од жртвите, во споредба со мажите (56,4%). Мнозинството жртви на насилство од интимен партнер биле жени (8 од 9), а мажите биле во најголем ризик да

бидат убиени од друг член на семејството, каде сочинуваат 70 % од вкупниот број на жртви. 11,8 % од жените и 27,3 % од мажите што биле убиени при семејно насилство се убиени со огнено оружје.

Во **Црна Гора**, вкупно 16 лица биле убиени при семејно насилство, од кои девет се жени (56,2 %) и седум се мажи (43,8 %) во периодот 2019 – 2021 година. Мнозинството жртви што биле убиени од интимен партнер (3 жени во споредба со 2 мажи) и од друг член на семејството (6 жени наспроти 5 мажи) се жени. **Не се достапни податоци за тоа дали било искористено огнено оружје во овие случаи**.

Во **Северна Македонија**, 15 убиства биле извршени при семејно насилство, со седум женски и осум машки жртви. Во периодот на известување, едно од овие убиства било извршено со огнено оружје.

Од **Босна и Херцеговина**, податоци доставија Република Српска, Кантонот Сараево и Кантонот Зеница-Добој. Од 2019 до 2021 година, во Република Српска се убиени вкупно 19 лица при семејно насилство, 10 од интимен партнер и 9 од друг член на семејството. Сите жртви на фемицид од интимен партнер се жени (10 од 10), од кои 7 биле убиени од актуелниот партнер, а 3 од поранешниот партнер. Повеќето жртви што биле убиени од друг член на семејството се мажи кои сочинуваат 77,8 % од вкупниот број (7 од 9), во споредба со 22,2 % од жртвите кои се жени (2 од 7). Шест од 10 фемициди од интимен партнер (60 %) биле извршени со огнено оружје.

Во истиот период, во Кантонот Сараево се убиени 10 лица при семејно насилство, од кои 4 биле убиени од интимниот партнер и 6 од член на семејството. Повеќето жртви што биле убиени од интимен партнер се жени (3 од 4), во споредба со еден маж. Во однос на убиствата извршени од друг член на семејството, повеќето жртви исто така се жени (4 од 6 во споредба со 2 од 6 мажи). Една жена е убиена со огнено оружје, а другите жртви биле убиени со други средства. Слично на ова, од сите жртви на убиство извршено од друг член на семејството, една жртва, маж, е убиена со огнено оружје.

Во Кантонот Зеница-Добој се убиени вкупно 6 лица при семејно насилство. Повеќето жртви, пет жени, биле убиени од интимниот партнер, а еден маж бил убиен од друг член на семејството. Од овие случаи, четири жени биле убиени од партнерите со огнено оружје, а машката жртва била убиена со огнено оружје од друг член на семејството.

## 4.7 Сторители на инциденти со огнено оружје при семејно насилство

Вооруженото насилство во домот има истакната родова димензија, при што мажите постојано се идентификуваат како главни сторители на инциденти со огнено оружје. Податоците што ги доставија министерствата за внатрешни работи во регионот и податоците од AVMP ја потврдуваат конзистентноста на овој тренд.

Од 2019 до 2023 година, податоците од AVMP покажуваат дека мажите сочинувале 98,1 % од сторителите на такви инциденти, во споредба со само 1,9 % од сторителите кои биле жени.

Слика 36

## Сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Овој тренд постојано се документира во сите јурисдикции од Западен Балкан и освен ситни варијации, останува непроменлив секоја година.

Слика 37

## Сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол и година




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Податоците што ги доставија министерствата за внатрешни работи на Албанија, Црна и Косово ги потврдија овие трендови. На пример, во Албанија, сите сторители на пријавено семејно насилство при што било искористено огнено оружје биле мажи (36 во 2019 година, 30 во 2020 година, 17 во 2021 година), што важи и за Црна Гора (2 во 2020 година и 2 во 2021 година). Во Косово, мнозинството сторители биле мажи (4 во 2019 година, 7 во 2020 година и 4 во 2021 година), а бројот на жени сторители изнесува 1 во 2019 и во 2020 година и ниту една во 2021 година.

Мажите сочинуваат најголем дел од сторителите на насилство со огнено оружје, и при насилство од интимен партнер и при инциденти со насилство насочено кон други членови на семејството.

Слика 38

## Сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според пол, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Кога беа достапни податоци за возраста, се покажа дека мнозинството сторители припаѓаат во возрасната група 36 – 60 години, а потоа следеше групата на лица од 19 – 35 години и лицата на 61 година и повеќе. Овие трендови остануваат конзистентни низ целиот регионот.

Слика 39

## Мажи сторители на инциденти поврзани со огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан, според возраст, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

## 4.8 Вработени во секторот за безбедност како сторители на инциденти со огнено оружје при семејно насилство

Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани 14 инциденти со огнено оружје при семејно насилство во кои биле вклучени вработени од секторот за безбедност во Западен Балкан. Најголем број на инциденти, односно 6, е евидентиран во 2019 година. Во 2020 и 2021 година, бројот на вакви случаи се намалил на 3 по година, а во 2022 и 2023 година, евидентиран е по само еден инцидент во година. Во Албанија и Србија се евидентирани четири случаи, а потоа по два случаи во Косово, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Не се евидентирани вакви случаи во Северна Македонија во истиот период.

Од сторителите, 11 биле полициски службеници, вклучувајќи и двајца пензионирани полициски службеници, а останатите тројца биле воени лица. Повеќето сторители, 12 од 14, биле мажи, а две биле жени. Во однос на возраста, девет сторители биле на возраст од 36 – 60 години, двајца на возраст од 19 до 35 години, а еден бил на возраст од 61 година или повеќе.

Четиринаесетте инциденти резултирале со 24 жртви, односно 11 мажи и 11 жени. Во два случаи, не е наведен полот на жртвата. Повеќето жртви биле на возраст од 36 – 60 години, а останатите припаѓале во возрасните групи 19 – 35 години и 61 – 100 години.

При инцидентите биле убиени 12 лица (7 жени и 5 мажи), пет лица биле повредени (4 мажи и 1 жена) и кон три лица биле упатени закани (една жени, а за две лица не е наведен полот). Три од овие инциденти резултирале со убиство и самоубиство, а ги извршиле двајца мажи и една жена кои биле вработени во секторот за безбедност.

Повеќето инциденти (78,6 %) настанале во урбани средини, а 21,4 % од инцидентите биле извршени во рурална средина. Кога станува збор за конкретната локација на овие инциденти, 57,1 % од инцидентите биле извршени во домот, станот или соседните градини, а помал број настанале на јавен простор, како што се улици или јавни објекти. За три случаи не е наведена точната локација.

Во седум случаи било употребено легално поседувано оружје, а во другите два нелегално оружје. Во пет случаи не е наведено дали оружјето било легално или нелегално поседувано. Во три од инцидентите било искористено службено оружје. Пиштоли се најчесто употребувано оружје, во осум случаи, а експлозиви и пушка Калашников се искористени во по еден случај. Не е наведен видот на оружјето за четири инциденти.

Повеќето инциденти настанале при насилство од интимен партнер, при што седум инциденти биле извршени од актуелен партнер, а еден инцидент од поранешен партнер. Во останатите шест случаи насилството било насочено кон други членови на потесното или поширокото семејство.

Овие случаи ги истакнуваат предизвиците кога вработени во секторот за безбедност се вклучени во инциденти со семејно насилство. Нивниот пристап до огнено оружје, специјализирана обука и познавање на процедурите во институциите може да го зголеми ризикот од сериозен исход. Наодите ја истакнуваат потребата за внимателно разгледување на политиките за контрола на огненото оружје, обуките и механизмите за отчетност во секторот за безбедност, како и на мерките за превенција со цел да се намалат ризиците поврзани со семејно насилство во овој контекст.

## 4.9 Убиство и самоубиство/фемицид и самоубиство

Настаните со убиство и самоубиство се дефинираат како инциденти во кои едно лице извршува едно или повеќе убиства, а потоа си го одзема сопствениот живот, обично во рок од 24 часа. Фемицид и самоубиство (или фемицид на интимен партнер и самоубиство) е поткатегорија на убиство и самоубиство, при што сторителот извршува самоубиство откако ќе ја убие жената која е или била негов интимен партнер.

Во поглед на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство, фемицид и самоубиство и убиство и самоубиство се чести појави. Според AVMP, евидентирани се 51 вакви случаи од 2019 до 2023 година.

По убиствата на интимниот партнер, машките сторители честопати си го одземаат животот, а бројот на вакви инциденти достигна 36 во петгодишен период. Сите овие инциденти биле извршени од мажи. Со оглед на тоа што 69 жени биле убиени од интимниот партнер во истиот период, ова посочува дека во 52,2 % од фемицидите при насилство од интимен партнер, сторителот си го одзел животот. Во период од пет години, не се евидентирани случаи на жени кои го убиваат интимниот партнер, па си го одземаат сопствениот живот.

Највисок број на случаи на фемицид и самоубиство е евидентиран во Србија, а потоа следуваат Босна и Херцеговина, Косово, Албанија и Северна Македонија. Во Црна Гора, не е извршен фемицид и самоубиство во анализираниот период. Но, евидентирани се пет обиди за фемицид и самоубиство во овој период.

Слика 40

### Број на случаи на фемицид и самоубиство при насилство со огнено оружје од интимен партнер, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Во истиот период се извршени 15 убиства-самоубиства од лица кои претходно убиле еден или повеќе членови на семејството.

Во 14 случаи, сторителите се мажи, а еден сторител е жена.

Слика 41

## Број на случаи на убиство и самоубиство на други членови на семејството при инциденти со огнено оружје, 2019 – 2023 г.




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

### Поле 2

## Разбирање на случаите со убиство и самоубиство/фемицид и самоубиство

Иако има сериозни последици, недоволно се истражуваат случаите со фемицид по што сторителот извршува самоубиство во Западен Балкан. Со цел справување со овој недостаток, Канцеларијата на УНДП во Србија спроведе студија[46] за истражување на карактеристиките и за спречување случаи со фемицид на интимен партнер и самоубиство со огнено оружје. Целта на истражувањето е да се продлабочи разбирањето за проблемот и да се откријат околностите пред извршувањето фемицид на интимен партнер и самоубиство, клучните фактори и карактеристики на тие дејства, последиците и можните интервенции од институциите и заедницата.

Друга цел на истражувањето е да се идентификуваат конкретните фактори на ризик за случаите со фемицид и самоубиство. Пристапот до огнено оружје, дали легален или поврзан со професија или хоби, се јавува како главен ризик. Другите фактори на ризик што беа идентификувани во медиумското известување за случаи со фемицид и самоубиство опфаќаат историја со семејно насилство и сторители кои изнудуваат, особено преку демнење, поради љубомора и со закани, што настанува откако жртвата ќе ги напушти. Стручните лица од јавното обвинителство, полициските служби, центрите за социјална работа и засолништата како голем проблем ги наведоа и поседувањето огнено оружје, проблемите со менталното здравје, како што се злоупотреба на алкохол и психолошки нарушувања.

Во повеќето случаи со фемицид и самоубиство што се извршени со огнено оружје, сторителот претходно не бил пријавен во надлежна институција. Во студијата се идентификувани три различни трендови поврзани со (не)пријавувањето:

1) Случаи што се „турнати под тепих“, во три поткатегории:

а) Случаи на коишто никој не посветил внимание – се сметало дека сторителот не е способен да изврши кривично дело, па затоа останал незабележан од институциите.

46 United Nations Development Programme. *Characteristics and Prevention of Intimate Partner Femicide-Suicide Cases Committed with a Firearm.* Belgrade: United Nations Development Programme, 2023.

б) Случаи во коишто членовите од семејството и пријателите ја забележале опсесивната љубомора, насилството или алкохолизмот кај сторителот и партнерот го напуштил сторителот, а насилството никогаш не било пријавено кај надлежните органи.

в) Случаи во коишто заедницата добро го познавала сторителот, честопати другите знаеле дека сторителот демнел или го барал партнерот, и иако постои можност центрите за социјална работа да дознале од некој член на семејството, насилството никогаш не било пријавено.

2) Проблематични случаи, односно насилство во актуелната или поранешната врска со љубомора, опсесивно демнење или сериозни психички проблеми. Во овие случаи, партнерите ги напуштале сторителите и насилството постојано било пријавувано до надлежните органи, кои интервенирале. Но, или не била спроведена процена на ризик или процената на ризик била неконзистентна и не биле преземени координирани мерки за заштита пред да биде извршен фемицидот и самоубиството.

3) Случаи со „ризик од професионалци“, што може да се опфатат и во претходните две категории. Во овие случаи, сторителите службено имаат пристап до огнено оружје, на пр. полициски службеници, чувари или ловции, а ваквиот пристап до оружје го зголемил ризикот од смртоносно насилство.

Поле 3

## Перцепции за огнено оружје што се чува во домот

Иако половина од испитаниците од јурисдикциите во Западен Балкан, и жени и мажи, сметаат дека чувањето огнено оружје во домот не прави да се чувствуваат побезбедно, постои голема разлика меѓу мажите и жените во мислењето за влијанието на огненото оружје врз безбедноста. Додека 26,5 % од мажите се чувствуваат побезбедно ако имаат оружје во домот, речиси истиот процент жени, 26,3 %, се чувствуваат помалку безбедно.

Слика 42

### Како би се чувствувале ако во вашиот дом има огнено оружје...?, според пол, 2024 г.




Извор: Истражување за факторите што ги поттикнуваат побарувачката и злоупотребата на огнено оружје во Западен Балкан, SEESAC, 2025 г.

Евидентирани се големи разлики во регионот, како што може да се види од табелата подолу

Табела 5

## Перцепции за чувањето огнено оружје во домот, во % и според јурисдикција, 2025 г.

| | Јурисдикции | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Албанија | | БиХ | | Косово | | Црна Гора | | Северна Македонија | | Србија | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **Побезбедно** | 26.1 | 10.4 | 29.7 | 13.1 | 29.8 | 13.8 | 37.7 | 16.1 | 20.9 | 13 | 23.6 | 9 |
| **Помалку безбедно** | 23.8 | 37.5 | 14.1 | 29.6 | 12.6 | 21.3 | 12.8 | 17.1 | 25.4 | 36.6 | 11.3 | 18.9 |
| **Нема разлика** | 46.8 | 49 | 50 | 44.8 | 52.5 | 55.7 | 45.5 | 56.1 | 45.9 | 39.9 | 56.8 | 61.8 |

Извор: Истражување за факторите што ги поттикнуваат побарувачката и злоупотребата на огнено оружје во Западен Балкан, SEESAC, 2025 г.

Поглавје 5

# Карактеристики на огненото оружје употребено при семејно насилство и институционалните процедури

# 5.1 Вид на оружје употребено при семејно насилство

Пиштолите се најчесто употребуваното огнено оружје при семејно насилство. Според податоците од AVMP за 2019 – 2023 година, пиштоли биле искористени во речиси половина од евидентираните случаи во Западен Балкан (203 или 44,9 %). Ловечките пушки и сачмарките го заземаат второто место и биле искористени во 71 (15,7 %) случај. Употреба на разно МЛО е документирана во 47 (10,4 %) инциденти со семејно насилство, а потоа следува автоматско или воено оружје што било искористено во 41 случај (9,1 %). Употреба на експлозиви е евидентирана во 12 случаи (2,7 %), а гасни пиштоли биле искористени во 11 случаи (2,1 %). Пневматски пиштоли биле употребени во 11 инциденти.

Слика 43

**Вид на огнено оружје што било искористено при инциденти со семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Горенаведените регионални трендови остануваат конзистентни во текот на анализираниот петгодишен период. Пиштолите остануваат најчесто користеното огнено оружје при семејно насилство, а потоа следуваат ловечките пушки и сачмарките. До 2023 година, автоматското и военото оружје претставувале трето најчесто користено оружје. Но, во 2023 година, разно МЛО ги заменува и неговата употреба е евидентирана во поголем број случаи.

Овие трендови се идентификувани во јурисдикциите од Западен Балкан, со исклучок на Албанија, каде што најчесто биле користени ловечки пушки/сачмарки и автоматско/воено оружје (во по 23 случаи), по што следуваат пиштолите (22).

Кога беа достапни податоци за статусот на поседуваното огнено оружје, конзистентно се покажуваше дека почесто се пријавувало нелегално поседувано огнено оружје отколку легално поседувано огнено оружје. Овој тренд е документиран низ целиот регион и во текот на целиот анализиран период, што го истакнува сеприсутниот проблем со распространетоста на нелегалното огнено оружје. Но, со оглед на предизвиците за пријавување семејно насилство и

конкретните исходи од семејното насилство што беа доловени со помош на податоците од AVMP, злоупотребата на легално поседувано огнено оружје не треба да се потцени.

Слика 44

**Правен статус на оружјето што било искористено при семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

## Злоупотреба на оружје за ловење при семејно насилство

Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани вкупно 55 инциденти во кои сторителите, само мажи, искористиле ловечко оружје при семејно насилство. Вакви инциденти биле најчести во Албанија, Србија и Косово.

Слика 45

**Инциденти со огнено оружје во кои сторителите искористиле ловечко оружје при семејно насилство во Западен Балкан, 2019 – 2023 г.**




Извор: Платформа за мониторинг на вооружено насилство на SEESAC

Ловечкото оружје е почесто употребувано при насилство од интимен партнер (33 случаи) отколку при инциденти извршени од друг член на семејството (21 случај). Од овие случаи, 13 инциденти резултирале со смртен исход, при што животот го загубиле осум жени и пет мажи, а 4 инциденти резултирале со повреди. Во 35 случаи, сторителот користел огнено оружје за да се заканува на жртвата.

***

Податоците што ги доставија министерствата за внатрешни работи на Албанија и Босна и Херцеговина – иако не се достапни споредливи податоци од другите јурисдикции – обезбедија дополнителни информации за видовите на оружје што биле искористени и постапките што се применувале во случаи на семејно насилство.

Од 2019 до 2021 година, во **Албанија**, 31 парче легално поседувано огнено оружје биле запленети при инциденти со семејно насилство. Иако вкупниот број е низок, документиран е раст во 2021 година (20 заплени) во споредба со претходните години (6 во 2019 година, 5 во 2020 година). Во повеќето случаи (29 од 31), не било злоупотребено огненото оружје за време на инцидентот. Во истиот период се конфискувани вкупно 1977 парчиња нелегално поседувано огнено оружје, при што 3,4 % од тоа оружје било конфискувано при инциденти со семејно насилство (68 од 1977). Во 23 од 68 инциденти со семејно насилство при кои било запленето огнено оружје сторителот злоупотребил огнено оружје, а во 45 случаи, сторителот поседувал нелегално оружје, но не го искористил за време на инцидентот.

Најчесто се запленувани и конфискувани револвери, полуавтоматски пиштоли, ловечки пушки, карабини и автомати, кои сочинуваат речиси две третини од сето оружје. Потоа следуваат сачмарки, вклучувајќи и ловечко оружје (18,6 %), оружје со ќорци (8,6 %) и автоматски пушки, лесни автоматски пиштоли и експлозиви (4,3 %). Во 2020 година биле запленети 14 експлозивни смеси од тритол.

Табела 6

## Вид на огнено оружје што било запленето и конфискувано при случаи со семејно насилство во % и број на парчиња оружје во Албанија, 2019 – 2021 г.

| | | |
|---|---|---|
| **Револвери и полуавтоматски пиштоли** | 22 | 31.4% |
| **Ловечки пушки, карабини и сачмарки (вклучувајќи и ловечко оружје)** | 13 | 18.6% |
| **Автомати** | 22 | 31.4% |
| **Автоматски пушки и лесни автоматски пиштоли** | 4 | 5.7% |
| **Оружје со ќорци** | 6 | 8.6% |
| **Експлозиви** | 3 | 4.3% |

SИзвор: Министерство за внатрешни работи на Албанија

Во **Босна и Херцеговина** привремено биле запленети 849 парчиња легално поседувано огнено оружје во истиот период. Од 2019 до 2021 година, 22 парчиња од легално поседуваното огнено оружје биле привремено запленети при инциденти со семејно насилство. Триесет парчиња огнено оружје биле запленети при случаи со семејно насилство во кои сторителот поседувал огнено оружје, но не го искористил.

Во истиот период, конфискувани се вкупно 362 парчиња нелегално поседувано огнено оружје, а 38,4 % од тоа оружје биле одземено при инциденти со семејно насилство (139 од 362). Во 7 од 139 инциденти со семејно насилство при што е запленето нелегално огнено оружје, сторителот злоупотребил огнено оружје, а во 12 случаи сторителот поседувал нелегално огнено оружје, но не го искористил.

Во БиХ, запленети биле вкупно 60 парчиња огнено оружје во периодот на известување. Најчесто биле запленувани и конфискувани револвери и полуавтоматски пиштоли (41,7 %), а второ местото го заземаат автомати и ловечки пушки, карабини и сачмарки, вклучувајќи и ловечко оружје (23,3 % по вид). Најмал дел од заплентото и конфискувано огнено оружје е оружје со ќорци (3,3 %) и експлозиви (8,3 %).

Табела 7

**Вид на огнено оружје што било запленето и конфискувано при случаи со семејно насилство во % и број на парчиња оружје во БиХ, 2019 – 2021 г.**

| | | |
|---|---|---|
| **Револвери и полуавтоматски пиштоли** | 25 | 41.7 % |
| **Ловечки пушки, карабини и сачмарки (вклучувајќи и ловечко оружје)** | 14 | 23.3 % |
| **Автомати** | 14 | 23.3 % |
| **Автоматски пушки и лесни автоматски пишто** | / | / |
| **Оружје со ќорци** | 2 | 3.3 % |
| **Експлозиви** | 5 | 8.3 % |

Извор: Министерства за внатрешни работи на БиХ

## 5.2 Одобрување, обновување и одземање дозволи за огнено оружје, при што се зема предвид историјата со семејно насилство

Покрај податоците за заплена и конфискување огнено оружје, целта на анализата е да се обезбедат и информации за постапките на институциите поврзани со одобрување дозволи за огнено оружје и како се зема предвид историјата со семејно насилство на подносителот на барањето. На краткиот преглед на квантитативните податоци во овој пасус се надоврзуваат информации за најчестите практики на професионалците што работат на одобрување дозволи за огнено оружје.

Од 2019 до 2021 година, вкупно 679 жители на Албанија поднесле барање за нова дозвола за огнено оружје. 99,3 % од подносителите биле мажи, во споредба со 0,7 % од подносителите кои биле жени. Барањето на речиси една третина од подносителите било одбиено (216 од 674), а 98,1 % од подносителите на одбиено барање биле мажи. Во истиот период, барањето на шест подносители (0,9 % од вкупниот број) било одбиено поради одредени околности или безбедносни прашања, што посочува на можност од злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство. Сите од овие шест подносители биле жени. Исто така, во овој период се одземени 31 дозвола поради семејно насилство.

Во **Босна и Херцеговина**,[47] во периодот на известување (2019 – 2021 година) биле поднесени 24.072 нови барања за одобрување дозвола за огнено оружје, при што 97,8 % од подносителите биле мажи (23.544), а 2,2 % биле жени (528). Податоците покажуваат дека од 24.072 подносители на барање за нова дозвола за огнено оружје во периодот од 2019 до 2021 година, барањето на 671 подносител било одбиено. 96 % од одбиените подносители биле мажи (645), во споредба со 4 % кои биле жени (26). Во истиот период, барањето на 134 подносители (0,6 % од вкупниот број) биле одбиено поради претходна осудуваност за семејно насилство или за извршен прекршок со елементи на семејно насилство. Сите од овие подносители биле мажи. Исто така, барањето на 107 подносители (0,4 % од вкупниот број), односно 102 мажи и 5 жени, било одбиено поради одредени околности или безбедносни прашања, што посочува на можен ризик од злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство.

Во периодот на известување, привремено биле запленети 2416 парчиња легално огнено оружје, односно 998 парчиња во 2019 година, 783 парчиња во 2020 година и 635 парчиња во 2021 година.

Од 2019 – 2021 година, биле отпочнати постапки за одземање 2659 дозволи за огнено оружје. Поточно, 978 вакви постапки биле отпочнати во 2019 година, 1002 постапки во 2020 година и 679 постапки во 2021 година. 97,2 % од овие постапки биле отпочнати за одземање дозвола на мажи, во споредба со 2,8 % од постапките за одземање дозвола на жени.

Во периодот на известување се одземени 3169 дозволи за огнено оружје. Според доставените податоци, семејното насилство било наведено како основа за одземање дозвола само во исклучителни случаи (вкупно 9 дозволи биле одземени како резултат на семејно насилство). Можно е нискиот број да е поврзан со практиките за водење евиденција, поради тоа што секој запис не содржи информации за причините за одземање на дозволата и не наложува дополнително разгледување.

Во **Северна Македонија**, вкупно 18.883 жители поднесле барање за нова дозвола за огнено оружје од 2019 до 2021 година. Од подносителите, 99,3 % биле мажи (18.743), во споредба со 0,7 % кои биле жени (140). Барањето на речиси една третина од подносителите било одбиено (6173 од 18.883), при што 99,7 % од нив биле мажи во споредба со 0,3 % кои биле жени.

Не се достапни податоци за причините за одбивање на барањата за дозвола за огнено оружје, поради што е невозможно да се одреди колку често семејното насилство било причина за одбивање.

Во периодот на известување, привремено биле запленети вкупно 386 парчиња легално оружје, од кои 24 биле запленети поради семејно насилство (од вкупниот број на запленето оружје).

Во анализираниот период, биле отпочнати вкупно 386 постапки за одземање дозвола. Во истиот период, 29 дозволи биле одземени поради семејно насилство, при што 100 % од лицата на кои им била одземена дозволата се мажи. Од вкупниот број на отпочнати постапки за одземање дозвола (386), 7,5 % од дозволите биле одземени поради семејно насилство. Во 2019 година биле одземени 8 дозволи, во 2020 овој број се зголемил на 11, а во 2021 година биле одземени 10 дозволи поради семејно насилство.

Од 2019 до 2021 година, биле поднесени вкупно 6064 барања за обновување на дозволата, од кои 19 (0,31 %) ги поднесле жени и 6045 (99,69 %) биле поднесени од мажи. Не се достапни податоци за бројот на одбиени барања поради претходна осудуваност за семејно насилство или извршен прекршок со елементи на семејно насилство.

Во **Црна Гора**, вкупно 5368 жители поднесле барање за нова дозвола за огнено оружје од 2019 до 2021 година. 97,2 % од подносителите биле мажи, во споредба со 2,8 % кои биле жени. Барањето на само 0,9 % од подносителите било одбиено (51 од 5368), при што 92,2 % од одбиените барања биле поднесени од мажи, во споредба со 7,8 % од

47 Кантонот Уна-Сана не достави податоци.

одбиените барањата што биле поднесени од жени. Не се достапни податоци за причините за одбивање.

Во периодот на известување, вкупно 3493 лица поднесле барање за обновување на дозволата за огнено оружје, односно 3447 мажи и 46 жени. Од вкупниот број на мажи подносители, барањето на 2,6 % (89) било одбиено. Ниту едно барање поднесено од жена не било одбиено. Во анализираниот период, биле отпочнати вкупно 19 постапки за одземање дозвола. Во периодот на известување биле одземени вкупно 5 дозволи, а сите иматели биле мажи.

Поглавје 6

# Повеќе од бројки: квалитативни податоци за огнено оружје и семејно насилство

Во 2023 година, SEESAC одржа 15 дискусии во фокус-групи, при што се прибираа информации од 68 полициски службеници, вклучувајќи ги и полициските службеници што работат со случаи на семејно насилство и оние кои се одговорни за одобрување дозволи за огнено оружје и 17 претставници на женски организации. Главната цел на прибирањето квалитативни податоци беше да се обезбеди понијансирана претстава за влијанието на огненото оружје врз жртвите на семејно насилство, со посебен акцент на аспектите што не може да се доловат со квантитативните податоци. Дискусиите главно се водеа на теми поврзани со ризиците од огнено оружје и постапките што ги преземаат институциите. Исто така, во рамките на дискусиите практичарите дадоа препораки за зајакнување на тековните практики.

Главните наоди од дискусиите во фокус-групи се поделени во три тематски делови:

1. Улогата на огненото оружје при семејно насилство,
2. Реакцијата на институциите на злоупотребата на огнено оружје,
3. Процеси за одобрување дозволи за огнено оружје и семејно насилство.

## 6.1 Улогата на огненото оружје при семејно насилство

Учесниците во фокус-групите го истакнаа силното и повеќестрано влијание на огненото оружје врз безбедноста и благосостојбата на жртвите на семејно насилство, како и конкретните ризици од огнено оружје при семејно насилство.

### 6.1.1 Изнуда, контрола и пречки за пријавувањето

Огненото оружје се користи како средство за изнуда и воспоставување контрола врз жртвата во насилни врски, што ја продлабочува нееднаквоста на моќта меѓу сторителот и жртвата и меѓу мажите и жените. Претставниците на женските организации од регионот истакнаа дека самото присуство на огнено оружје им овозможува на сторителите да воспостават контрола врз жртвата, наведувајќи дека злоупотребата на огнено оружје не треба тесно да се дефинира со директни закани, нанесување повреди, физички напад или фемицид. Учесниците наведоа голем број случаи каде насилниците искористиле огнено оружје за да заплашат жени, да им се заканат директно или индиректно, посочувајќи на нивната способност да нанесат сериозни повреди.

Присуството на огненото оружје дополнително ја намалува веројатноста кај жртвите да го пријават насилството, што придонесува за конзистентно ниски стапки на пријавување случаи на семејно насилство. Жените честопати не го пријавуваат насилството, особено ако сторителот има огнено оружје, поради тоа што се плашат од влошување на насилството и одмазда од сторителот. Во многу случаи, главната цел на жртвите не е гонење на сторителот, туку запирање на насилството. Многу жртви откриваат дека сторителот имал огнено оружје откако ќе се почувствуваат безбедно, односно по сместувањето во засолништа или за време на доверливи интервјуа со женски организации или полициски службеници. Има случаи каде жените не навеле директно дека сторителот поседува оружје, честопати нелегално, туку истакнале дека се плашат дека нивниот партнер ќе ги повреди или убие, што ја истакнува потребата за подетално разгледување на ваквите случаи од страна на полициските службеници.

Поради присуството на огнено оружје и стравот од негова злоупотреба, насилството честопати не се пријавува во почетните фази,

кое доведува до уште посериозни последици за жртвите. Учесниците во фокус-групите истакнаа дека жените главно пријавуваат насилство само кога постои непосредна опасност по нивниот живот или по животот на нивните деца.

Ова важи и за непријавувањето нелегално огнено оружје, при што жртвите не откриваат клучни информации поради тоа што се исплашени. Честопати, главната цел на жртвите е да запре насилството. Исто така, жртвите обично се загрижени за правните последици за сторителот, како и за ризикот од повторување на насилството. Некои учесниците наведоа дека во такви ситуации, женските организации може да играат клучна улога така што ќе го олеснат товарот на жртвите и ќе ги известат полициските службеници за можното присуство на огнено оружје. Претставниците на женските организации споделија дека тие жени жртви честопати ним им кажувале за огненото оружје, но не и на полицијата. Наведоа и ситуации со жени кои го нормализирале присуството на огнено оружје во домот и не сметале дека претставува опасност. Се споменаа и случаи каде на почетокот, жени не споделиле со полицијата дека сторителот има огнено оружје, со надеж дека насилството ќе запре. Откако насилството продолжило, жените ја споделиле информацијата со полицијата. Исто така, некои жени не знаеле дека има огнено оружје во нивниот дом, особено во случаи со нелегално огнено оружје.

Полициските службеници и претставниците на женските организации се согласија дека соседите и членовите на заедницата се двоумеле дали да го пријават насилството или оружјето поради страв за сопствената безбедност и можна одмазда од сторителот.

Недостигот на поддршка од семејството, лицата во непосредна близина и институциите може да доведе до изолирање на жртвите. Жртвите честопати се чувствуваат како да не добиваат поддршка од семејството, органите за спроведување на законот и социјалните служби, што кај жртвите резултира со недоверба и ги спречува да го пријават семејното насилство. Финансиската зависност исто така значително придонесува за непријавувањето семејно насилство.

## 6.1.2 Културно значење и нормализација на поседувањето огнено оружје

Културното значење што се придава на огненото оружје како дел од машкиот идентитет може да претставува дополнителна пречка за пријавување семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје. Некои учесници, особено оние од Црна Гора, истакнаа дека огненото оружје обично се смета за составен дел од машкиот идентитет, што е предоминантната претстава за машкоста, или неизоставен елемент од семејната традиција и наследство. На пример, мислењето дека домот е нецелосен без оружје во него може да доведе до ставот дека пријавувањето огнено оружје е чин на жена што не може да се оправда. Ова нормализирање на огненото оружје претставува пречка бидејќи пријавувањето се смета за предавство на семејните вредности или семејната традиција, што ја отежнува ситуацијата на жените во насилни врски. Овие податоци се во согласност со претходното истражување на SEESAC,[48] во кое е наведено дека мерата до која огненото оружје влијае врз родовите улоги, а особено мислењата за тоа што е машкост, претставуваат пречка за ефективноста на напорите за контрола на МЛО и за спроведувањето на релевантните нормативни рамки.

48 SEESAC. 2006. *'The rifle has the devil inside' – Gun Culture in South Eastern Europe.* Belgrade: SEESAC.

### 6.1.3 Огненото оружје како фактор на ризик

Достапноста на огненото оружје преставува голем ризик од семејно насилство. Жртвите честопати наведуваат дека до нив биле упатени закани по животот, споделувајќи дека многумина од сторителите лесно би можело да набават или да зајмат огнено оружје. Учесниците од Босна и Херцеговина истакнаа дека високиот број на непредадено оружје што е во сопственост на цивилни лица од времето на минати конфликти дополнително ја зголемува достапноста на огненото оружје. Исто така, тие наведоа дека постои поврзаност помеѓу посттрауматското стресно нарушување (PTSD) кај мажите и широката распространетост на огненото оружје. Полициските службеници ја посочија меѓусебната поврзаноста на сеприсутните патријархални вредности и широката распространетост на огненото оружје како фактор што ја влошува ситуацијата со семејното насилство. Исто така, се спомена дека ловечкото оружје, што е застапено во голема мера, обично не се смета за опасно, иако често настануваат несреќни случаи поради човечка грешка за време на ловење или консумирање алкохол.

Огненото оружје е голем фактор на ризик од влошување на насилството до смртен исход, особено при обиди на жени да го напуштат насилникот. Огнено оружје и експлозиви се користат и за да се поврати контролата врз жртвата кога насилникот повеќе не се чувствува доволно моќен.

Во еден случај од Босна и Херцеговина, жена се обидела да го напушти насилниот партнер и си заминала кај родителите. Потоа, насилникот се заканил дека ќе детонира бомба доколку таа не се врати, што покажува како може да се искористат огненото оружје и експлозивите за да се предизвика страв и да се воспостави контрола врз жртвата. Женска организација од Црна Гора документирала случај каде сопругот го извадил огненото оружје од фиока за време на расправија и ја пукнал сопругата откако таа се заканила дека ќе го напушти. Во Северна Македонија, сторител што претходно бил пријавен за вербални закани по животот на неговата сопруга ја искористил ловечката пушка откако таа се обидела да се разведе од него. Локалната полиција знаела дека тој поседува огнено оружје, но не го конфискувала оружјето при претходните истраги. Другите документирани случаи покажаа дека легално поседуваното огнено оружје може да го влоши насилството што во спротивно не би резултирало со смртен случај, кое докажува дека огненото оружје ја зголемува веројатноста за смртен исход. Покрај смртните случаи, женските организации истакнаа дека присуството на огнено оружје во голема мера го зголемува стравот од силување или сексуално насилство кај жените.

Огненото оружје остава сериозни последици кај другите членови на семејството и заедницата, вклучувајќи и кај децата, кои честопати се занемаруваат. Во еден случај, откако насилниот сопруг ја убил сопругата, па извршил самоубиство со огнено оружје, нивниот син си го одзел животот поради психички последици од горенавениот чин.

Огненото оружје ја намалува можноста за давање отпор на жените. Еден учесник сподели инцидент во кој насилникот вперил пиштол во жртвата откако дал телефон за да се јави во полиција и се заканил дека ќе ја убие за секунда, јасно укажувајќи на тоа дека нема да биде заштитена бидејќи полицијата би пристигнала за пет минути.

### 6.1.4 Специфични предизвици за ранливите групи

Жените од ранливи групи, како што се жените кои живеат во рурални средини, жените со попреченост и Ромките, се соочуваат со специфични предизвици при пријавувањето насилство. Има недостиг на информации за степенот на изложеност на овие жени на злоупотреба на огнено оружје. Во руралните средини, пријавувањето

огнено оружје обично се смета за чин што не може да се оправда бидејќи таму огненото оружје се цени поради неговата симболика и од практични причини и широко е распространето мислењето дека семејното насилство е приватна работа. Ситуацијата станува уште посложена поради недоволното присуство на полицијата во руралните средини.

Тешкотиите при пријавувањето се посебно истакнати кај жените со попреченост и Ромките, кои се соочуваат со разни форми на дискриминација, поради што станува речиси невозможно да се запре циклусот на насилство. Во однос на жените со попреченост, се истакна нивната зачестена зависност од насилникот за задоволување на нивните основни потреби. При дискусиите, како пречка честопати се спомена финансиската зависност од насилникот. Стигматизацијата во културата спречува голем број на жртви од ранливи групи да ги пријават заканите со огнено оружје.

Учесниците наведуваа случаи со жени и девојчиња со проблеми со менталното здравје кои се жртви на насилство, истакнувајќи дека голем дел од нив не знаат каде да побараат помош. Недостигот на наменски засолништа со специјализирани услуги дополнително го отежнува процесот на обезбедување поддршка за овие жртви.

### 6.1.5 Вработените во секторот за безбедност како сторители

При дискусиите во фокус-групи, полициските службеници и претставниците на женските организации ја истакнаа сериозноста на инцидентите во кои сторителите на семејно насилство се полициски службеници или службеници од секторот за безбедност. Овие случаи претставуваат посебен предизвик за пријавување, поради статусот, работното место и пристапот до огнено оружје на сторителот. Во некои случаи, овие сторители неформално се заштитени и избегнуваат одговорност. Се наведоа конкретни инциденти со службеници од секторот за безбедност кои искористиле службено или приватно оружје за да му се заканат на партнерот или на членовите на семејството. Во поглед на спречувањето негативни последици, се дискутираше потребата за редовно спроведување процени на менталната состојба и обезбедување поддршка за полициските службеници.

## 6.2 Реакција на институциите на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство

### 6.2.1 Постапки на полицијата и процена на ризик

Постигнат е значителен напредок во новото законодавство и политиките за справување со семејно насилство, особено во однос на злоупотребата на огнено оружје. Во протоколите на органите за спроведување на законот во регионот и придружните алатки за процена на ризик, огненото оружје се третира како фактор на ризик, иако во различна мера, и се даваат насоки за постапките на полицијата.

При интервенирање во случај на семејно насилство, полициските службеници редовно ги проверуваат регистрите за оружје за да утврдат дали пријавеното лице поседува легално оружје. Исто така, полицискиот службеник што оди на местото на настанот добива информации за тоа дали било искористено оружје, дали сторителот се заканувал со огнено оружје и информации за локацијата на оружјето во тој момент. Како

дел од стандардните постапки, жртвата се испрашува за тоа дали сторителот поседува огнено оружје, иако оваа практика не се применува секогаш и постојат различни постапки низ регионот. Ако се утврди дека сторителот поседува огнено оружје, по пристигнувањето, полицијата го запленува оружјето и му ја одзема дозволата. Сторителите честопати доброволно го прават ова. Потоа, се отпочнува редовна административна постапка во согласност со законодавството за оружје.

Ако полицијата се сомнева дека сторителот поседува нелегално оружје, според изјавата на жртвата или од други извори, се спроведува претрес за конфискување на оружјето. Полициските службеници потврдија дека жртвите ретко го пријавуваат оружјето поради страв од одмазда или поради тоа што воопшто не знаат дека сторителот поседува нелегално оружје. Полициските службеници од Северна Македонија споделија практични примери за жртви кои не знаеле дека сторителот поседува огнено оружје, но насилникот им се заканил дека ќе употреби оружје, што ги исплашило.

Учесниците од Косово исто така отпочнаа дискусија за лица кои покрај дозволата за огнено оружје, може да поседуваат нелегално оружје. Изразија загриженост за можноста сторителите да поседуваат повеќе парчиња огнено оружје (нелегално) од дозволениот број. Се споделија ситуации во регионот во кои е предадено едно парче огнено оружје, додека другите парчиња оружје биле скриени. Во еден наврат, полицијата отишла во живеалиштето на сторителот за да го конфискува нелегално поседуваниот пиштол, но пронашле и запleниле неколку парчиња оружје.

Се наведе дека полициските службеници исто така проверуваат дали другите членови од семејството кои живеат во домаќинството поседуваат огнено оружје. Но, оваа практика значително се разликува во зависност од јурисдикцијата, со што се истакнува потребата од натамошна стандардизација со цел ефективно ублажување на ризиците од злоупотребата на огнено оружје. Некои полициски службеници ја споделија дилемата за тоа дали постои правна основа за заплена на оружјето што го поседуваат други членови на семејството, дури и ако жртвата претходно пријавила присуство на огнено оружје во домаќинството. Други, пак, наведоа дека постојано ги запленувале сите парчиња огнено оружје од домаќинството. И покрај разликите во праксата, повеќето учесници во фокус-групите се согласија дека е важно да се провери дали членовите на семејството поседуваат огнено оружје, особено поради тоа што големите семејства или домаќинствата во кои живеат повеќе семејства се честа појава.

Во некои случаи, учесниците предложија да се пребаруваат сите пријавени случаи на семејно насилство. Поради тоа што ова не е изводливо во пракса, други учесници предложија дека тоа може да се спроведе во случаи со рецидивисти. Спроведувањето претрес во правилниот момент е од клучна важност за ефективноста на полициската реакција и за заштитата на жртвите. Исто така, беше наведено дека одложувањето на претресот на домаќинството честопати им овозможило на сторителите да го скријат огненото оружје, што дополнително ја влошува ефективноста на мерките за заштита. Задоцнетата и несоодветна реакција на полицијата дополнително ја загрозува безбедноста на жртвата. Претставниците на женските организации споделија примери со задоцнета заплена на оружјето од страна на полицијата, што им овозможило на сторителите да скријат парчиња оружје по пријавата на насилството.

Иако е постигнат напредок, сè уште постојат предизвици во регионот. И покрај тоа што е задолжително да се спроведе процена на ризик, има индикации дека ваквите процени не се спроведуваат за секој пријавен случај на семејно насилство или дека несоодветно се спроведуваат. Учесниците изразија загриженост поради тоа што обрасците за процена на ризик честопати се пополнуваат врз основа на субјективна процена, што може да произлегува од конвенционален начин на размислување или патријархален менталитет. Овие фактори се пречка за постапките на секоја институција што

учествува во разрешување случаи на семејно насилство. Со цел да се спречат штетни исходи и да се заштитат жртвите, клучно е да се спроведе соодветна процена на ризик. Истото мислење го делат и претставниците на женските организации, кои истакнаа дека процените на ризик што се детално спроведени играат клучна улога во заштитата на жртвите. Но, успешното спроведување честопати зависи од посветеноста и знаењето на вклучените службеници, што посочува на потребата за системска стандардизација и постојано градење на капацитетите. Понекогаш, процените се спроведуваат несоодветно со означување полиња, без при тоа детално да се разгледа ситуацијата или да се поставаат клучни последователни прашања. Недостигот на обуки за родово одговорен пристап во чиј центар е жртвата го попречува спроведувањето на процените на ризик. Учесниците предложија да се одржуваат соодветни обуки за службениците, да се оформат специјализирани единици за семејно насилство и да се применат протоколи во кои приоритет се дава на безбедноста и благосостојбата на жртвата.

Во Црна Гора, редовните состаноци со стручните лица кои работат на случаи со семејно насилство резултирало со зачестена заплена на оружје во случаи на семејно насилство, при што се гарантира дека оружјето нема да му биде вратено оружјето.

## 6.2.2 Предизвици во управувањето со информации

Полициските службеници честопати истакнуваа дека според тековната постапка, не добиваат известување за тоа дали запленетото оружје му е вратено на сторителот или трајно му се одзема. Нагласија колку е важно нивните колеги од административниот оддел да ги известуваат за таквите исходи, со што се гарантира безбедноста на жртвите, но и на полициските службеници и другите даватели на услуги што работат на одреден случај.

Голем предизвик за полициските службеници е пристапот до регистрите за оружје и ажурирањето на базите на податоци за сопствениците на огнено оружје. Некои полициски службениците наведоа дека податоците во базите на податоци се застарени, дека не им се постојано достапни на полициските службеници за прв одговор или пак се нецелосни, особено кога станува збор за постари или нерегистрирани парчиња оружје.

На пример, во Црна Гора е воспоставена електронска база на податоци за легално поседувано оружје во периодот од 1993 – 1995 година. Но, во оваа база на податоците не се евидентирани голем број парчиња огнено оружје во сопственост на цивилни лица. Исто така, миграциите или предавањето на оружје во сопственост на друго лице довеле до присуство на неевидентирано оружје во домаќинствата. На пример, жителите може да поседуваат оружје што им е оставено во наследство од починат член на семејството или од роднини кои се преселиле во друга земја или друг град. Иако има можност да постојат рачни записи од тоа време во министерствата за внатрешни работи, полициските службеници што работат на случаи со семејно насилство немаат пристап до тие записи. Во Косово, во секој регион постои канцеларија за одобрување дозволи за огнено оружје. Овие канцеларии имаат плодна соработка со органите за спроведување на законот. Но, недостигот на унифициран систем со податоци за дозволи за огнено оружје го усложнува следењето на легално поседуваните парчиња оружје. Во Северна Македонија, привремената заплена на легално огнено оружје е попречена од електронски систем за регистрација на огнено оружје што честопати содржи застарени податоци или е недостапен за полициските службеници.

Голема загриженост изразија некои полициски службеници во врска со капацитетите за безбедно чување на запленетото или конфискуваното оружје, поради тоа што во некои полициски станици не постои наменска просторија.

## 6.2.3 Капацитети и меѓусекторска соработк

Заеднички предизвик се недостигот на полициски службеници кои се обучени да работат на случаи со семејно насилство и високата стапка на ротација на работната сила, поради тоа што новите службеници треба да се обучат. Ова го забавува напредокот во полициските постапки. За надминување на овие недостатоци, учесниците истакнаа дека е потребно да се подобри обуката на службениците, да се оформат специјализирани единици доколку не постојат и да се изготват протоколи во кои се дава приоритет на безбедноста и благосостојбата на жртвата. Исто така, нагласија дека е важно полициските службеници да ја препознаат сериозноста на семејното насилство и да применат мерки за ефективна заштита и поддршка на жртвата.

Постојат и предизвици за меѓусекторската соработка, особено со здравствените институции, центрите за социјална работа и Канцеларијата на јавниот обвинител. За спроведување ефективни претреси, од клучна важност е навремено да се воспостави соработка со Канцеларијата на јавниот обвинител. Здравствените лица честопати не сакаат да пријавуваат повреди што се поврзани со семејно насилство поради доверливоста на податоците на пациентот или страв од влошување на семејните односи, што претставува пречка за рана детекција и навремена интервенција, особено во случаи со огнено оружје. Многу од здравствените работници за прв одговор исто така не се запознаени со ризиците од присуството на огнено оружје во домаќинства каде што се врши семејно насилство.

Предизвиците за координацијата меѓу полицијата, центрите за социјални работи, обвинителите и здравствените институции и недостигот на унифицирана база на податоци за следење случаи на семејно насилство и сопственици на огнено оружје до која имаат пристап сите институции сè уште претставуваат проблем во сите јурисдикции, со што се поткопуваат напорите за холистичка процена на ризик и за следење на интервенциите.

Во Албанија, локалните координатори против семејно насилство, кои се дел од Координираниот механизам за упатување жртви на семејно насилство, имаат онлајн база на податоци „REVALB“, што претставува национален онлајн систем за следење случаи на семејно насилство. Овој систем се користи на локално и на централно ниво од Министерството за здравство и социјална работа. Системот има опција во која може да се наведе дали сторителот поседува огнено оружје или не. REVALB го олеснува спроведувањето процени на ризик и овозможува подобра комуникација меѓу органите и подобра координација за поефикасно следење на случаите.

Беа истакнати примери за заемно корисна соработка меѓу институциите и граѓанските организации. Женските организации соработувале со полицијата при идентификување на ризиците и обезбедиле поддршка при извршувањето на налозите за заштита и за жртвите.

Сложените случаи на семејно насилство оставаат сериозни последици врз полициските службеници. Учесниците се согласија дека нивната работа е напорна и стресна, и од физичка и од ментална гледна точка. Исто така, се согласија дека треба да се спроведуваат повремени проверки на менталната состојба на полициските службеници и дека некои од нив не треба да носат службено оружје.

## 6.2.4 Реакција на правосудниот систем

Се истакна прекумерното траење на постапките за кривични дела што се извршени како резултат на семејно насилство, што ја доведува жртвата во ризик од повторен напад бидејќи заплената на оружје не гарантира дека сторителот нема да набави ново оружје.

Загрижувачки е тоа што постои можност за враќање на привремено заплентото оружје на сторителите кои не се осудени. Некои учесници наведоа дека во пракса е тешко да се врати конфискувано огнено оружје, дури и по отфрлање на кривичната пријава (поради притисок од жртвата или помирување), но други учесници споделија примери за практики што се разликуваат од горенаведеното.

Учесниците ја нагласија потребата од детално разгледување на реакцијата на правосудниот систем. Претставниците на женските организации ги спомена попустливоста и неефикасноста на судовите при справување со случаи со огнено оружје и семејно насилство. Со големиот број на изречени условни казни и условни отпусти, како што е примерот со 65 % од случаите на семејно насилство во Босна и Херцеговина, се испраќа обесхрабрувачка порака до жртвите, се охрабруваат сторителите и се одразува слаботo спроведување на законодавната рамка. Судовите често се потпираат на олеснителни околности, дури и кога огненото оружје е директно поврзано со извршеното насилство. Судовите исто така честопати не даваат налог за итна заплена на огненото оружје како дел од налозите за заштита на жртвите, со што се ограничува влијанието на правните интервенции.

## 6.3 Регулирање на легалното поседување огнено оружје од цивилни лица: одобрување и одземање дозволи

### 6.3.1 Законодавна рамка и безбедносни проверки

Законите за оружје и законите за заштита на жртвите на семејно насилство содржат строги одредби со цел да се спречи злоупотребата на огнено оружје. Превенција се постигнува главно преку **ограничување на пристапот** за подносители кои извршиле или за кои постои ризик да извршат семејно насилство и преку **заплена на огненото оружје и одземање на дозволата** на сторителите во случаи на семејно насилство.

Во законодавството за огнено оружје се воспоставени сеопфатни критериуми за подобност, при што се бара подносителите да не се осудувани за кривични дела, вклучувајќи и за семејно насилство, или за прекршоци со елементи на насилство и да не постојат тековни судски постапки против нив. Барање за дозвола се одбива доколку постојат околности што посочуваат на можна злоупотреба на огненото оружје, вклучувајќи и при семејно насилство. Ако цивилно лице поседува оружје, а настане која било од овие околности, тогаш се запленува огненото оружје и се отпочнува постапка за одземање на дозволата.

Стандардните постапки за разгледување на барањата се строго регулирани. По поднесувањето барање, се отпочнува систематска и сеопфатна безбедносна проверка на подносителот, при што се прибираат информации од неколку извори и се проверуваат казнената и прекршочната евиденција, полициските записници и другите официјални бази на податоци. Мерките за заштита што се изрекуваат во согласност со законите за заштита на жртвите на семејно насилство обично се земаат предвид при спроведувањето на безбедносните проверки во регионот. Но, полициските службеници од Северна Македонија споделија дека не се земаат предвид поплаките доставени до полицијата или привремените мерки за заштита што ги изрекува граѓански суд при случаи на семејно насилство.

Општиот впечаток на учесниците во фокус-групите е дека постојната законодавна рамка обезбедува соодветна основа за ефективно спречување на злоупотребата на

огнено оружје. На пример, спроведувањето проверки во Албанија е особено строго, а барањата се одбиваат ако постои каква било индикација или запис за извршено семејно насилство, дури и пред да се донесе конечната одлука. Учесниците од Албанија наведоа примери за одбиени барања за дозвола врз основа на „проблематични односи во семејството“, па дури и поради нецелосна документација.

Практиките за бришење на осудите од казненото досие на лицето и нивното влијание врз барањата за дозвола за огнено оружје се разликуваат во зависност од јурисдикцијата. Во Албанија, претходна осуда веднаш го дисквалификува подносителот, дури и ако е рехабилитиран/а. Во Босна и Херцеговина, избришаните записи за осуда од кривичното досие на подносителот може да се земат предвид при безбедносната проверка на подносителот, но не може да се искористат како основа за одбивање на барањето за дозвола, дури и ако службениците ја сметаат тенденцијата кон насилство како фактор на ризик. Во Црна Гора, постои загриженост поради тоа што постои можност маж кој е осуден за семејно насилство повторно да добие пристап до огнено оружје ако се отстрани осудата од неговото кривично досие. Во Косово, подносителите стануваат подобни за дозвола откако ќе ја отслужат казната, освен ако кривичното дело е официјално избришано од нивното кривично досие.

При административни жалби, првостепената одлука обично се отфрла бидејќи оперативните записи и безбедносните проверки немаат иста тежина како осудите и честопати нема конкретни докази дека огненото оружје ќе се злоупотреби. Беше предложено никогаш да не се бришат одредени осуди, како што се осуди за насилни или сексуални кривични дела, од кривичното досие на осудените лица.

Сите учесници истакнаа дека е важно да се спроведуваат темелни безбедносни проверки на подносителите, што не запираат со проверки во административните бази на податоци, туку опфаќаат и теренски проверки и интервјуа. При таква безбедносна проверка, полициските службеници треба да потврдат дека не постојат други околности што посочуваат на можна злоупотреба на огненото оружје, како што се злоупотреба на дрога и алкохол, лоши односи со семејството и соседите, насилно и агресивно однесување и бихевиорално нарушување. Освен Косово, каде што безбедносните проверки опфаќаат само проверка во административните бази на податоци, во сите други јурисдикции се спроведуваат теренски проверки и интервјуа, иако постојат значителни разлики во зависност од јурисдикцијата.

Посебно беше истакната важноста на спроведувањето теренски проверки и интервјуа со членовите на семејството, со оглед на тоа што повеќето случаи на семејно насилство не се пријавуваат и не може да се направи проверка само преку казнената или прекршочната евиденција. За процената да е веродостојна, при безбедносните проверки треба да се земат предвид овие специфики, а не само информациите од базите на податоци.

Безбедносната проверка ја спроведува полициската станица надлежна за областа во која се наоѓа живеалиштето на подносителот. Кога постојат индикации за насилно однесување на подносителот, но насилството никогаш не било пријавено, полицискиот службеник што ја спроведува безбедносната проверка игра клучна улога така што наведува во извештајот дека подносителот има историја со насилно и агресивно однесување. Но, учесниците предупредија дека честопати не се спроведуваат темелни проверки, а акцент се става на односите со соседите, наместо на односите со членовите на семејството.

Учесниците наведоа дека е важно соодветно да се дефинираат клучните термини, а особено терминот „проблематични односи со семејството“, за да се овозможи правилна процена и да се намалат субјективноста и предрасудите. Се согласија дека полициските службеници мора да бидат сензибилизирани за семејно насилство за соодветно да ги спроведат проверките. Во некои јурисдикции, проверките опфаќаат интервјуа со општинското раководство, членовите на потесното семејство, соседите,

соработниците и колегите и колешките со цел субјективноста на полицискиот службеник да се сведе на минимум. Учесниците се согласија дека полицискиот службеник што ја спроведува проверката има голема одговорност, со оглед на тоа што конечната одлука честопати се заснова на нивното мислење. За вакви проверки се потребни конкретни вештини и капацитети. Исто така, проверките треба да се спроведуваат како континуиран процес, а не да се завршат за еден ден. Покрај важноста на теренските проверки за спроведувањето соодветна и сеопфатна процена, во многу случаи недостигаат насоки за спроведување вакви проверки и интервјуа, што отвора простор за субјективност и пропусти.

Тесната соработка меѓу службениците што ги разгледуваат барањата за дозвола за огнено оружје и оние кои спроведуваат безбедносни проверки е од клучна важност за донесувањето веродостојна одлука, иако честопати ваква соработка недостига. Постои можност да се исконтактираат центри за социјална работа или женски организации, но таа одлука останува на службеникот и не е задолжително. Беа наведени примери за проактивни пристапи, како што е составување листа со рецидивисти на семејно насилство и доставување на листата до административниот оддел со цел да се отпочнат постапки за конфискување или да служи како мерка на претпазливост за идни барања за дозвола.

Службениците кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје истакнаа дека внимателно треба да се постапува со подносители кои наведуваат лажна причина како оправдание за набавка на огнено оружје, но може да имаат задна намера, за што е потребно да се спроведат разумни проверки со цел да се потврди оправданието за набавка на огнено оружје.

При процесот за обновување дозвола за огнено оружје треба да се посвети големо внимание на подобноста на лицето да продолжи да поседува огнено оружје. Постои можност да не се детектираат промени во околностите на имателот на дозволата при поедноставените постапки за обновување на дозволата. Затоа, процесот за обновување на дозволата треба да е сеопфатен и да опфаќа повторно спроведување интервјуа и процена на ризик, слично на мерките што се преземаат при првичното одобрување на дозволата.

Во некои јурисдикции е евидентиран раст на бројот на жени подносители на барање за дозвола за огнено оружје. Некои од нив го прават тоа за да го наследат оружјето од татко им, а други го прават поради тоа што нивните партнери не ги исполнуваат законските барања за дозвола, што посочува на можна лажна набавка за сметка на друго лице.

## 6.3.2 Медицинска евалуација на подобноста

Во процесот за издавање лекарски потврди за целите на одобрување дозвола за огнено оружје постојат многу предизвици. Повторлив проблем преставува недостигот на стандардизирани и ригорозни медицински евалуации. Во некои јурисдикции, подносителите може да ги заобиколат медицинските проверки така што плаќаат надоместок во приватни здравствени установи, при што честопати добиваат потврди за краток временски период и без соодветен преглед. Учесниците истакнаа дека е потребно да се оформат специјализирани институции и да воспостават построги мерки за отчетност на здравствените работници, што ќе овозможи медицинските евалуации на подобноста да бидат темелни и веродостојни.

Соработката меѓу полицијата и здравствените установи при справувањето со предизвиците со менталното здравје на имателите на дозвола за огнено оружје варира и честопати е несоодветна. Во некои јурисдикции, иако законот им наложува на докторите да ја известат полицијата ако здравјето на имателот на дозвола значително се промени, оваа обврска ретко се исполнува во пракса. Недостигот на комуникација произлегува од слабостите на системот,

како што е недостигот на интегрирани бази на податоци, при што се истакнува потребата за системски пристап според кој докторите пријавуваат каква било промена во здравствената состојба на имателот што би можело да влијае врз неговата/нејзината подобност за поседување огнено оружје.

### 6.3.3 Следење на чувањето огнено оружје, обновувањето дозволи и оправданоста за поседување огнено оружје

Практиките за следење на исполнувањето на условите за безбедно чување на огненото оружје значително се разликуваат во зависност од јурисдикцијата и честопати се потпираат на реактивни наместо на проактивни мерки. Иако законот наложува безбедно чување на огненото оружје, проверките обично се спроведуваат само како реакција на пријави за насилство или прекршување на законот. Евидентирани се случаи со несоодветно чување на огненото оружје, а сепак, законските одредби се спроведуваат спорадично. Ретко се вршат проверки поради ограничените ресурси или пак, проверките во голема мера зависат од примени поплаки наместо да се спроведуваат редовно. Албанија е пример за добра практика, каде што се спроведува годишен план на проверки од специјалисти кои проактивно проверуваат дали огненото оружје се чува на безбеден начин и дали серискиот број на огненото оружје се совпаѓа со евиденцијата. Но, и таму постојат предизвици поради ограничените човечки ресурси.

### 6.3.4 Безбедност на службениците кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје

Службениците кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје истакнаа дека нивната работа е стресна, наведувајќи случаи со притисок или закани од подносители чие барање било одбиено. Оваа загриженост е особено истакната во јурисдикции каде што мнозинството службеници кои работат на одобрување дозволи се жени и каде што конечната одлука ја донесуваат овие службеници, а не назначени комисии или службеници од повисок ранг.

Поглавје 7

# Заклучоци и препораки

## 7.1 Заклучоци

Наодите покажуваат дека злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство претставува посебен, високо смртоносен ризик што различно влијае врз жените и мажите и значително ја загрозува нивната безбедност и благосостојба. Исто така, претставува голем предизвик за напорите за контрола на МЛО. Последиците се сериозни, почнувајќи од смртоносни и несмртоносни телесни повреди, па сè до сериозна психичка траума.

За да се поедностават, заклучоците се поделени во неколку главни групи:

### I. Различното влијание врз жените и мажите и сериозноста на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство

- Во однос на извршувањето кривични дела со огнено оружје, жените и мажите искусуваат различни начини на виктимизација, а степенот и контекстот на нивната изложеност на вооружено насилство значително се разликува. При споредба на контекстите се открива дека кај жените постои речиси пет пати поголема веројатност да бидат жртви на злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство отколку мажите, односно 29,8 % наспроти 6,2 %, по наведениот редослед. Во апсолутни цифри, мнозинството жртви (62,8 %) на пријавени инциденти во домот биле жени во периодот 2019 – 2023 година, во споредба со 37,2 % од жртвите кои биле мажи.
- При семејно насилство, жените и мажите се изложени на многу различни ризици. Податоците документираат постојан тренд на несразмерно влијание на злоупотребата на огнено оружје од интимен партнер врз жените, кои сочинуваат 97,7 % од жртвите на насилство со огнено оружје од интимен партнер во периодот 2019 – 2023 година.
- Од друга страна, кај мажите постои поголема веројатност да бидат жртви на злоупотреба на огнено оружје од страна на други машки членови на семејството. Кога беа достапни податоци за полот на ваквите жртви, мажите сочинуваа 72,3 % од жртвите, во споредба со 27,7 % од жртвите кои се жени. Достапните податоци покажуваат дека таквите инциденти настануваат меѓу машките членови на потесното семејство, особено меѓу татковци и синови, кои може да бидат и жртва и сторител.
- Сериозноста на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство е посебно видливо во бројот на смртни случаи како резултат на семејно насилство. Од 2019 до 2023 година, поголем број лица биле убиени при инциденти со огнено оружје и семејно насилство (152 – 93 жени и 59 мажи) отколку при која било друга категорија на инциденти од Платформата за мониторинг на вооружено насилство (AVMP), вклучувајќи и при криминални активности (144) и спорови во јавност (135).
- Иако голем број на жени и мажи биле убиени при инциденти во домот, несразмерното влијание на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз жените е посебно видливо во статистичката анализа на смртни случаи од огнено оружје според вид на инцидент. 68,4 % од жените кои биле убиени со огнено оружје во регионот се убиени при семејно насилство, што е речиси осум пати поголем процент од смртните случаи при криминални активности. Во истиот период, 10,9 % од мажите кои биле убиени со огнено оружје во регионот се убиени од член на нивното семејство.
- Во однос на семејното насилство, жените биле во најголем ризик од злоупотреба на огнено оружје од нивниот актуелен или поранешен интимен партнер. Во Западен Балкан, 50,7 % од жените кои биле убиени со огнено оружје се убиени од интимен партнер, во споредба со 0,6 % од жртвите на ваков вид на насилство кои се мажи. Кај жените постои три пати поголема веројатност да бидат убиени од нивниот актуелен или

неодамнешен интимен партнер отколку од поранешниот партнер.

- На ниво на јурисдикција, во Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија, бројот на смртни исходи од злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство е поголем од бројот на смртни исходи од сите други видови на инциденти. Во Албанија, смртните исходи на семејно насилство се на третото место, (по смртните исходи од кривични дела и спорови во јавност), а сличен тренд е евидентиран во Црна Гора (каде што смртните исходи од семејно насилство доаѓаат по категоријата „друго“ и „криминален контекст“) и во Косово (каде смртните исходи од семејно насилство се на третото место, по категориите „друго“ и „спорови во јавност“).
- Во 2020 година е евидентиран највисокиот број на смртни случаи на жени и мажи, што се поклопува со првата година од пандемијата, кога се спроведуваа строги мерки за забрана за движење низ целиот регион. Ова ја истакнува потребата за дополнително истражување за начинот на којшто конкретни услови за време на Ковид-19 придонесле за овие исходи.
- Кај мажите постоела поголема веројатност отколку кај жените да се здобијат со повреди од огнено оружје, иако постојат значителни разлики во петгодишниот период. Најголем ризик од телесни повреди со огнено оружје за жените претставува нивниот интимен партнер, а за мажите главен ризик од вакви повреди претставуваат другите машки членови на семејството.
- Вооруженото насилство во домот има различно влијание врз жените и мажите, при што мажите сочинуваат значително мнозинство од сторителите на инциденти поврзани со огнено оружје. Од 2019 до 2023 година, податоците од AVMP покажуваат дека мажите сочинувале 98,1 % од сторителите на такви инциденти, во споредба со само 1,9 % од сторителите кои биле жени. Овој тренд конзистентно се документира во сите јурисдикции од Западен Балкан.
- Кога беа достапни податоци за возраста, се покажа дека мнозинството од сторителите биле на возраст од 36 до 60 години, потоа следуваат возрасната група од 19 – 35 години и лицата на 61 година или повеќе.
- Според AVMP, вкупно 51 случаи на убиство и самоубиство се евидентирани од 2019 до 2023 година, главно при фемициди од интимен партнер. Во 52,2 % од фемицидите извршени од интимен партнер со огнено оружје, сторителот си го одзел животот по фемицидот.
- Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани 14 инциденти со огнено оружје при семејно насилство во кои биле вклучени вработени од секторот за безбедност во Западен Балкан. Седум жени и пет мажи биле убиени при тие инциденти, пет жртви биле повредени, а кон три лица биле упатени закани.

## II. Недостатоци во податоците и непријавување семејно насилство

Ограничувањата при водењето евиденција и непријавувањето семејно насилство сè уште се пречки за сеопфатно разбирање на обемот и карактеристиките на овој проблем.

- Високиот број на смртни исходи како резултат на семејно насилство кажува различна приказна од релативно нискиот број на пријавени инциденти, што ги истакнува специфичните ризици поврзани со огненото оружје и зголемената веројатност од смртен исход.
- Злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство значително помалку се пријавува во споредба со другите видови инциденти поврзани со огнено оружје, вклучувајќи ги и инцидентите што настануваат при криминални активности, спорови во јавности или пукања при

неопределени околности. Од 2019 до 2023 година, инцидентите поврзани со огнено оружје и семејно насилство сочинувале 3,1 % од сите пријавени инциденти со огнено оружје, а овој тренд е присутен во текот на целиот анализиран период.

- Достапните официјални податоците потврдуваат дека постои ваков тренд. Но, нискиот број на пријавени инциденти исто така може да е резултат на практиките за водење евиденција, што укажува дека е потребно да се спроведе дополнителна анализа за да се утврдат причините за непријавувањето.
- Иако податоци за злоупотреба на огнено оружје се достапни главно за убиства/фемициди, повреди и физички напади, огненото оружје се користи и како средство за извршување други видови родово-базирано насилство, како што се психичко и сексуално насилство, вклучувајќи и силување, емоционално насилство, изнуда и економско насилство. И покрај тоа што овие видови на насилство обично им претходат на убиствата, многу ретко се пријавуваат.
- Ограничените податоци за евидентирани случаи на употреба на огнено оружје за заканување овозможуваат само делумно да се разбере оваа појава. Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани вкупно 177 случаи со закани со огнено оружје при семејно насилство. Нешто повеќе од две третини од овие инциденти настанале при насилство од интимен партнер (67,2 %), што влијаело врз интимните партнери (95 инциденти), но и врз други лица (24 инциденти). Исто така, 58 закани се извршени од други членови на семејството на жртвите.

## III. Оружје искористено при семејно насилство

- Пиштолите се најчесто употребуван вид на огнено оружје при семејно насилство, а потоа следат ловечки пушки и сачмарки, разно МЛО, автоматски/воени оружја, експлозиви и пневматски пиштоли.
- Кога беа достапни податоци за видовите на огнено оружје што ги поседуваат поединци, тие конзистентно покажуваа дека почесто се пријавува нелегално поседувано огнено оружје отколку легално поседувано огнено оружје.
- Од 2019 до 2023 година, во AVMP се евидентирани вкупно 55 инциденти во кои сторителите, само мажи, искористиле ловечко оружје при семејно насилство.

## IV. Квалитативни наоди за предизвиците и реакцијата на институциите

Од квалитативните податоци од дискусиите во фокус-групи се потврди штетното влијае на огненото оружје, се открија главните пречки за пријавувањето насилство и се идентификуваа конкретните предизвици за реакцијата на институциите и процесот за одобрување дозволи.

**Изнуда, контрола и пречки за пријавувањето**

- Огненото оружје се користи како средство за изнуда и контрола во насилни врски, што ја продлабочува нееднаквата распределба на моќта меѓу мажите и жените.
- Присуството на огнено оружје дополнително ја намалува веројатноста жртвите да го пријават насилството. Жените честопати не го пријавуваат семејното насилство, особено кога е присутно огнено оружје, поради страв од влошување на насилството и одмазда од насилникот. Честопати насилството не се пријавува во првичната фаза, што доведува до уште посериозни последици за жртвите.

- Учесниците во фокус-групите истакнаа дека жените обично го пријавуваат насилството само откако нивниот живот и животот на нивните деца веќе не е во непосредна опасност.
- Ова важи и за непријавувањето нелегално огнено оружје, при што жртвите може да не откријат клучни информации поради страв од можни правни последици за сторителот, како и поради страв од одмазда.
- Соседите и членовите на заедницата исто така се двоумат дали да го пријават насилството и присуството на оружје поради загриженост за сопствената безбедност и страв од одмазда.
- Огненото оружје ја намалува способноста на жртвите да дадат отпор при насилството.
- Културното значење што се придава на огненото оружје како дел од машкиот идентитет може дополнително да ги одврати жртвите од пријавување на семејното насилство и злоупотребата на огнено оружје.
- Огненото оружје сè уште е достапно – оружјето што е останато од минати конфликти и не е предадено и останува во сопственост на цивилни лица ја зголемува достапноста на огненото оружје.
- Насилниците користат огнено оружје и експлозиви за да ја повратат контролата врз жртвата кога ќе се почувствуваат дека ја губат моќта. Покрај можноста од смртен исход, претставниците на женските организации истакнаа и дека присуството на огнено оружје го интензивира стравот од силување и сексуално насилство кај жртвите.
- Покрај сериозните последици врз непосредните жртви, огненото оружје исто така има многу штетно влијание врз другите членови на семејството и заедницата, вклучувајќи ги и децата, кои честопати се посредни жртви на семејно насилство.
- Жените од ранливи групи, како што се жените кои живеат во рурални средини, жените со попреченост или Ромките се соочуваат со специфични ризици при пријавувањето насилство, а информациите за нивната изложеност на злоупотреба на огнено оружје се скудни.

**Практики во институциите и предизвици што ги идентификуваа практичарите**

- Неодамнешните настани предизвикаа зајакнување на законодавните и политичките рамки за превенција и одговор на семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје.
- Полициските службеници од регионот наведоа дека како дел од постапките за процена на ризик при интервенцијата во случаи на семејно насилство, редовно ги проверувале регистрите за оружје за да утврдат дали пријавеното лице поседува (легално) огнено оружје.
- При сомнеж дека сторителот поседува нелегално оружје, по добивањето информации од жртвата или други извори, полицијата започнува претрес и го конфискува оружјето.
- Покрај напредокот, процени на ризик не се спроведуваат за секој случај на семејно насилство или честопати несоодветно се спроведуваат.
- Полициските службеници во повеќе наврати наведоа дека не биле редовно известувани за тоа дали конфискуваното оружје му е вратено на насилникот или трајно се конфискува, што може да ја загрози нивната безбедност и безбедноста на жртвата во одредени случаи.
- Конкретен предизвик беше споменат од полициските службеници кои интервенираат при случаи на семејно насилство, односно нивниот пристап до регистри за оружје и потпирањето на бази на податоци за сопственици на огнено оружје.
- Заеднички предизвик за сите јурисдикции е недостигот на полициски службеници кои се специјално обучени за справување со семејно насилство.
- Предизвиците за меѓусекторската соработка опстојуваат, но постојат и примери за добри практики во регионот.
- Можноста за враќање на привремено запленето огнено оружје при отфлање на кривичната пријава на сторителот предизвикува загриженост бидејќи го зголемува ризикот од повторување на насилството.

- Службениците од министерствата за внатрешни работи кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје споделија дека со законите за оружје во регионот се воспоставени сеопфатни критериуми за подобност, при што подносителот на барањето за дозвола не смее да има претходни осуди за кривични дела, вклучувајќи и семејно насилство, или за прекршоци со елементи на насилство и дека против него не се водат тековни прекршочни постапки.
- Но, малкуте упатувања кон огнено оружје покажуваат дека семејното насилство ретко служи како основа за одбивање барања или одземање дозволи.
- Се истакна колку е важно да се спроведуваат темелни безбедносни проверки на подносителите, што не запираат со проверката во административните бази на податоци, туку опфаќаат и теренски проверки и интервјуа. Покрај важноста на теренските проверки за спроведувањето соодветна и сеопфатна процена, во многу случаи недостигаат насоки за спроведување вакви проверки и интервјуа, што отвора простор за субјективност и пропусти.
- При процесот за издавање лекарски потврди за целите на одобрување дозвола за огнено оружје во сите јурисдикции постојат бројни предизвици. Недостигот на стандардизирани и строги медицински евалуации е постојан проблем.
- Соработката меѓу полицијата и здравствените установи, особено при справување со промените во менталната состојба на имателите на дозвола се разликува во зависност од јурисдикцијата и честопати е несоодветна.
- Полициските службеници често проверуваат дали наведените причини за набавка на огнено оружје се оправдани. Нагласија дека треба да се посвети големо внимание при разгледувањето барања што се поднесени од лица кои даваат лажна причина за поседувањето огнено оружје, а имаат скриени намери, како и на нивната усогласеност со законските барања.
- За крај, службениците кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје некогаш се соочуваат со притисок од подносители чии барање било одбиено. Ваквите подносители им прават притисок, па дури и им се закануваат.

## 7.2 Препораки

Долунаведените заклучоци и препораки се надоврзуваат на клучните наоди од анализата и мерките што ги предложија учесниците во фокус-групите. Тие истакнаа дека е неопходно да се усогласат рамките за контрола на МЛО и домашните рамки за спречување семејно насилство, како главен предуслов за спречување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство и на родово-базираното насилство.

За да се поедностават, препораките за надлежните органи од Западен Балкан се поделени во неколку главни групи:

### I. Ублажување на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство – подигање на свеста и намалување на ширењето и циркулирањето на нелегално поседуваното огнено оружје

- Систематски да се планираат и спроведуваат програми за легализација на нелегално поседувано огнено оружје и да се промовира доброволно предавање на таквото огнено оружје со цел да се намали неговата достапност и бројот на нелегално поседувани парчиња оружје, а како резултат на тоа и злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство.

- Да се поврзат легализацијата на огнено оружје и доброволното предавање со напорите за намалување на семејното насилство и за спречување злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство.
- Да се спроведуваат сеопфатни активности за подигање на свеста и други наменски програми со цел жителите да се информирани за ризиците поврзани со огненото оружје и со злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство и да се искоренат длабоко вкоренетите ставови за поврзаноста на машкоста со огненото оружје, што може да го попречи пријавувањето.

## II. Зајакнување на процената на ризик и теренските интервенции

- Да се потврди дали сторителот има огнено оружје, без разлика на тоа дали го искористил или не, при секој пријавен случај на семејно насилство и да се провери дали дежурниот полициски службеник кој ја прима пријавата ги евидентира информациите за присуство и/или употреба на огнено оружје.
- Да се провери дали се воспоставени процедури за процена на ризик и дали процената за секој пријавен случај на семејно насилство се спроведува соодветно и навремено, во согласност со Истанбулската конвенција и домашното законодавство.
- Да се потврди дека при процената на ризик се земаат предвид сите конкретни ситуации поврзани со огнено оружје, како на пр. дали сторителот или друг член на домаќинството (вклучувајќи ја и жртвата) легално поседува оружје, можноста сторителот или друг член на домаќинството да поседува нелегално оружје, дали сторителот има пристап до огнено оружје поради професијата и дали е обучен/а да користи оружје или дали сторителот има лесен пристап до огнено оружје.
- Да се изготват задолжителни индикатори што би можело да го олеснат спроведувањето веродостојна процена за тоа дали во одреден случај се користи нелегално оружје и дали постои можност од негова злоупотреба.
- Соодветно да се испланира интервенцијата и да се загарантира безбедноста на службениците на терен и на жртвата на насилството. Да се едуцираат тимовите за прв одговор за индикаторите за високо ризични ситуации.
- Да се заплени огненото оружје што легално го поседува сторителот, без исклучок, при секој пријавен инцидент со отпочнување соодветна постапка што е во согласност со законодавството за оружје и за заштита од семејно насилство и веднаш да се конфискува нелегалното оружје.
- При секој пријавен инцидент, веднаш да се заплени оружјето коешто му е достапно и до коешто сторителот може лесно да пристапи, како што е оружје во сопственост на други членови на семејството или други лица што живеат со сторителот.
- Да се овозможи сигурен, итен и постојан пристап до ажурираните бази на податоци за регистрирано оружје за тимовите за прв одговор со цел ефективни и навремени интервенции, со што ќе се надминат предизвиците со ограничениот пристап и веродостојноста на податоците.
- Веднаш да им се обезбедат информации на полициските службеници што интервенираат во случај на семејно насилство за тоа дали запленетото оружје му е вратено на сторителот или трајно се конфискува, поради ризикот од повторување на насилството ако оружјето што е привремено запленето му се врати на сторителот.
- Да се спроведуваат континуирани активности за градење на капацитетите со цел да се овозможи конзистентно спроведување на процените на ризик така што полициските службеници и другите тимови за прв одговор ќе бидат соодветно обучени да детектираат ризик од злоупотреба на легално или нелегално огнено оружје при семејно насилство и ќе применуваат пристап во чиј центар е жртвата.
- Да се олесни и зајакне соработката меѓу органите за спроведување на законот, јавните

обвинителства, здравствените установи, центрите за социјална работа и граѓанските организации што обезбедуваат услуги за жени и други жртви на семејно насилство.

- Со оглед на распространетоста на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство, да се овозможи соодветно следење и техничко испитување на оружјето што било употребено при вакви инциденти со цел тие информации да се искористат при осмислувањето политики и теренските интервенции. Со системско следење на секое запленето парче огнено оружје се добиваат подетални разузнавачки информации за нелегалното огнено оружје, и на локално и на меѓународно ниво.
- Да се посвети должно внимание на случаите со сторител што е полициски службеник или е вработен во секторот за безбедност, итно да се спроведе истрага и веднаш да се применат дисциплински мерки.

## III. Подобрување на процедурите за одобрување дозволи за огнено оружје за цивилни лица

- Да се обезбедат регистри за оружје со сеопфатни и ажурирани податоци, вклучувајќи и точни записи за сите сопственици на огнено оружје и за нивното регистрирано оружје. Редовно да се ревидираат регистрите со цел податоците да се веродостојни и да се осигури усогласеност со прописите за огнено оружје.
- Покрај казнената и прекршочната евиденција, да се земат предвид и полициските записници, информациите за изречените привремени мерки за заштита и налози за забрана за приближување при разгледувањето барања за набавка на огнено оружје.
- Да се прошири опсегот на безбедносните проверки со цел да ги опфаќаат официјалното кривично досие и документираното насилно однесување на сторителот од теренските извештаи.
- Да се воспостави практиката за итно известување на членовите на семејството, како и партнерите за барањето за набавка на огнено оружје што го поднесол член на нивното семејство или нивниот партнер. При секое вакво известување треба да се земат предвид ризиците за безбедноста на членовите на семејството.
- Да се зајакнат процедурите за спроведување безбедносни проверки така што ќе се воведат задолжителни интервјуа со членовите на семејството, како и актуелниот или поранешниот интимен партнер, пријателите, соседите и соработниците на подносителот пред да се донесе одлуката за одобрување или обновување на дозволата за огнено оружје.
- Овие интервјуа треба внимателно да се спроведуваат, а службениците мора да имаат предвид дека постои можност жртвата на семејно насилство да не сака отворено да дискутира со полицијата поради страв од повторување на насилството. Информациите што се прибираат за време на интервјуто мора да се третираат како доверливи податоци. На сопружниците/членовите на семејството мора да им се даде можноста да не учествуваат во интервјуто. Ова особено важи за жртвите на насилство, поради тоа што интервјуто може дополнително да ја загрози нивната безбедност. Ако се процени дека постои можност интервјуто да ја загрози нивната безбедност, треба да се искористат други извори на информации. Во секој случај, интимните партнери/сопружниците треба да се известат за поднесеното барање за дозвола за огнено оружје и да им се на располагање информации за контакт на одговорното лице.
- Полициските службеници што спроведуваат вакви интервјуа мора да се соодветно обучени и да имаат на располагање алатки, како што се прирачници со прашања, контролни листи и други придружни материјали.
- Да се стандардизираат и подобрат процедурите за медицинска евалуација на подобноста, уверувајќи се дека веродостојно ќе ја документираат здравствената состојба

на подносителите, како и нивното ментално здравје и историја со злоупотреба на опојни супстанции.

- Здравствените установи редовно да ги известуваат релевантните оддели во МВР/ полициски станици за каква било промена во здравствената состојба на имателот на дозвола за огнено оружје што би можело да влијае врз неговата/нејзината подобност за поседување огнено оружје.
- Континуирано да се следи исполнувањето на законските барања за поседување оружје, како и ефективно да се следи исполнувањето на законските барања за безбедно чување на оружје во домот преку рутински проверки.
- Автоматски и трајно да се одзема дозволата на лицата кои се осудени за семејно насилство, како и за прекршоци со елементи на насилство. Ова треба да опфаќа и забрана за повторно поднесување барање за дозвола по бришењето на записите за осудата од кривичното досие на тие лица.
- При разгледувањето барање, да се посвети големо внимание ако подносителот наведува лажни причини за поседувањето огнено оружје, но постои можност да има задна намера.

## IV. Подобрување на системите за податоци и за следење

- Да се подобрат механизмите за прибирање податоци со цел да се евидентираат сите инциденти со злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство.
- Да се воспостават или подобрат постојните бази на податоци за да се олесни следењето на поднесените и одбиените барања за дозвола за огнено оружје (како и оние што се поврзани со семејно насилство), запленетото огнено оружје (како и оружјето поврзано со семејно насилство), вратеното оружје што претходно било запленето поради семејно насилство, одземените дозволи и конфискуваното легално и нелегално огнено оружје.
- Потребно е натамошно истражување за:
    1. влијанието на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство врз децата,
    2. причините за ниската стапка на пријавување инциденти со семејно насилство и огнено оружје,
    3. начинот на којшто конкретни услови за време на пандемијата Ковид-19 и мерките за забрана за движење придонесле за зголемениот ризик од злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство.

## V. Градење на капацитетите и подобрен меѓусекторски пристап во чиј центар е жртвата

- Да се организира обука за полициските службеници за регионалниот *Прирачник за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотреба на огнено оружје во семејно насилство* и *Прирачник за родово одговорен процес за одобрување дозволи за огнено оружје* и да се поддржи учењето од колеги преку натамошно зајакнување на регионалниот фонд на обучувачи.
- Да се разгледа можноста за интеграција и локализација на прирачниците во стандардните оперативни процедури.
- Со обуките за родова одговорност да се опфатат сите институции што се чинители со цел да се продлабочи разбирањето на родовите аспекти на злоупотребата на огнено оружје и семејното насилство и подобро да се усогласат интервенциите со потребите на жртвите.
- Да се потврди дека полициските службеници кои интервенираат во случај на семејно насилство се запознаени со алатките за детекција, како што се службени кучиња и

детектори на метал и таквите алатки да им се достапни во секое време.

- При интервенциите на случаи на семејно насилство и во постапките за разгледување барања за дозвола за огнено оружје да се примени пристап во чиј центар е жртвата, што може да се воведе во обуките, при што приоритет се дава на правата и безбедноста на жртвите (вклучувајќи ги непосредните и посредните жртви, како децата) и да се обезбедува поддршка со почит и достоинство.
- При сите такви интервенции и постапки во целост да се земат предвид специфичните пречки за жените од ранливи групи (како што се жените кои живеат во рурални средини, жените со попреченост или Ромките) да го пријават насилството и да им се обезбеди пристап до сеопфатни услуги за поддршка како што се засолништа, правна помош и програми за финансиска помош.
- Да се применува меѓусекторски пристап при разгледувањето барања за дозволи за огнено оружје и да се консултираат специјализираните полициски единици за семејно насилство или назначените полициски службеници во секоја фаза од процесот на спроведување безбедносни проверки. Доколку се потребни дополнителни информации за да се спроведе соодветна процена, постои можност да се контактираат центрите за социјална работа, СОС телефоните, засолништата и другите женски организации кои обезбедуваат поддршка за жртви на семејно насилство, како и матичните лекари.

## VI. Да се одржи и зајакне регионалната соработка и да се споделува знаењето

- Да се олесни размената на знаење меѓу јурисдикциите со цел да се споделуваат добри практики и да се усогласат пристапите при усогласувањето на постапките со меѓународните и регионалните обврзувачки законодавни рамки и со најдобрите практики за спречување семејно насилство.
- Да се зајакне соработката меѓу тимовите за прв одговор и женските организации што работат на случаи со семејно насилство и обезбедуваат поддршка за жртвите. Да се осигури учеството на женските организации во осмислувањето норми или политики поврзани со контрола на МЛО.

# Список со референтни материјали


Gligorijević, Jovana. Pavlović, Sanja and Cvetičanin Knežević, Hristina. *Guidelines on Media Reporting on Violence against Women.* Belgrade: United Nations Development Programme, 2021.

Kippert, Amanda. *"What Are the Power and Control Wheels?,"* 16 August 2021.

Lacmanović. Vedrana. 2021. *Analysis of cases of femicide committed with firearms (June 2017 - June 2020).* Belgrade: UNDP.

"Media Training: *A Step towards Better Reporting on Violence against Women.*" UNDP, September 26, 2023. UNDP Serbia.

OSCE. *OSCE-Led Survey on Violence Against Women: Well-being and and Safety of Women - Main Report.* OSCE, 2019.

Regional Cooperation Council. *Security Barometer Survey* (#SecuriMeter). Seconded. Regional Cooperation Council, 2022.

*"Regional consultations on practical tools to prevent the firearms misuse in gender-based violence."* SEESAC, 29 December 2023. SEESAC.

*SEESAC Armed Violence Monitoring Platform*

SEESAC. 2006. *'The rifle has the devil inside' – Gun Culture in South Eastern Europe.* Belgrade: SEESAC.

SEESAC. 2007. *Firearms Possession and Domestic Violence in the Western Balkans: A Comparative Study of Legislation and Implementation Mechanisms.* Belgrade: SEESAC.

SEESAC. 2016. *Gender and SALW in South East Europe.* Belgrade: SEESAC.

SEESAC. 2019. *The Misuse of Firearms in Domestic Violence in South East Europe.* Belgade: SEESAC.

SEESAC. 2024. *Analysis of Media Reporting on Firearm Misuse in Male Gender-Based Violence against Women in the Western Balkans.* Belgrade: SEESAC, 2024.

SEESAC. 2024. *Guidelines for Assessing and Addressing Risks Related to the Firearms Misuse in Domestic Violence.* Belgrade: SEESAC.

SEESAC. 2024. *Guidelines for Gender-Responsive Firearms Licence Approval.* Belgrade: SEESAC.

"*SEESAC Finalizes the Second Round of Trainings on the Ethics of Informing the Public about Incidents of Firearms Misuse in Domestic Violence Context*," December 11, 2024. SEESAC.

SEESAC. 2025. Research on Factors Fueling Demand and Misuse of Firearms in the Western Balkans. Belgrade: SEESAC.

SEESAC. *Guidelines for Officials of the Ministries of Interior and Police Services for Communication with the Media in Cases of Firearm Misuse in Gender-Based Violence.* Belgrade: SEESAC, 2024.

SEESAC's Gender analysis of SALW control legislation and policies in the Western Balkans - *reports*

*SEESAC's In Focus – Armed Violence Monitors*

SEESAC's SALW Surveys available at: *https://www.seesac.org/SALW-Surveys/*

Stepanov, Biljana. 2022. *Nasilje u porodici – šta govore podaci.* Belgrade: UNDP Serbia.

Stevanović Govedarica, Gordana. 2021. *Small arms and light weapons, gender-based violence and domestic violence: analysis of regulatory framework and practice.* Belgrade: UNDP Serbia.

UNDP Serbia. *Reduce Risk Increase Safety - Towards ending SALW misuse in domestic violence context* Project Pamphlet

United Nations Development Programme. *Characteristics and prevention of intimate partner femicide-suicide cases committed with a firearm.* Belgrade: United Nations Development Programme, 2023.

*"Western Balkan Authorities Raise Institutional Capacities for Effective Prevention and Combatting of Use of Firearms in Domestic Violence."* SEESAC, November 25, 2022. SEESAC.

*"Western Balkan Authorities to Make Firearms Licensing Gender Sensitive."* SEESAC. SEESAC, December 1, 2022. SEESAC.

World Health Organisation. 2012. *Understanding and addressing violence against women.*

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

343.54./55
623.44

**ЗЛОУПОТРЕБА на огнено оружје при семејно насилство во Западен Балкан** : клучни трендови и предизвици / [уредник Драган Божаниќ]. - Beograd : UNDP SEESAC, 2025 (Beograd : Bigraf Plus). - 95 стр. : граф. прикази ; 30 cm

Насл. изворника: The misuse of firearms in domestic violence in the Western Balkans. - Кор. насл. - Тираж 50. - Напомене и библиографске референце. - Библиографија: стр. 94-95.

ISBN 978-86-7728-397-1 (broš.)

а) Породично насиље б) Ватрено оружје -- Злоупотреба

COBISS.SR-ID 180519177